МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: ГРАЃАНСКО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ФЕНОМЕНОЛОГИЈА И ЕТИОЛОГИЈА НА КРИВИЧИ ДЕЛА КОИ КАКО СТОРИТЕЛИ СЕ ЈАВУВААТ НОТАРИТЕ ВО ВРШЕЊЕ НА НИВНАТА ДЕЈНОСТ

СТУДЕНТ: **СТЕФАН КОЦЕВСКИ**
БРОЈ НА ИНДЕКС:
МЕНТОР: **ПРОФ.Д-Р ВАСКО СТАМЕВСКИ**

Свети Николе, 2023

СОДРЖИНА

1. Вовед.....5
2. Историски развој на нотаријатот.....7

2.1 Модерно време.....10

- Латински тип на нотаријат.....10
- Видови на латински тип на нотари.....11

а) Нотар како слободна професија.....12

б) Адвокат нотар..... 12

- Државен нотаријат.....12

3. Историски развој на нотаријатот во Република Македонија.....14
4. Услови и постапка за именување на нотарите во Република Македонија.....17
5. Нотаријат во Република Македонија..... 21
6. Обем, ефикасност и квалитет во работата на нотарите..... 22
7. Одговорност на нотарите во вршење на својата дејност..... 23

- Обврски на нотарите..... 25

8. Дисциплинска одговорност на нотарите во Република Македонија..... 29
9. Кривична одговорност на нотарите во Република Македонија..... 35
10. Казни..... 37
11. Алтернативни мерки..... 38
12. Споредни казни..... 40

13. Кривични дела во кои како сторители се јавуваат нотарите во вршењето на својата дејност..... 41

13.1. Злоупотреба на службена положба и овластување..... 43

- Пресуда 1..... 46

- Пресуда 2..... 48

- Пресуда 3..... 49

- Пресуда 4..... 51

- Пресуда 5..... 53

13. 2. Неовластено работење во службата.....55

- Пресуда 1.....58

13.3. Измама во службата..... 60

- Пресуда 1..... 61

13.4. Неовластено откривање тајна..... 63

13.5. Примање потктуп..... 65

а) Давање поткуп..... 67

б) Примање поткуп..... 68

в) Начин на дознавање..... 69

13.6. Перење пари..... 72

а) Феноменологија на перење пари..... 73

б) Етиолошки карактеристики на перење пари..... 74

в) Улога на нотарите во спречување на перење пари и нивната кривична одговорост. 79

13.7 Прикривање данок..... 82

а) Елементи на кривично дело..... 83

б) Резиме.....85

13.8. Фалсификување на исправа..... 86

13.9. Лихварство..... 89

14. Заклучок..... 91

15. Користена литература..... 93

1. Вовед

Нотарската професија е една од најстарите правни професии, чии корени ги наоѓаме во римското право и која има долга традиција и значајна улога за подобро функционирање на правните системи во повеќе држави во светот. Во последно време, голем број транзициски држави го имплементирале овој институт во нивниот правен поредок, бидејќи овозможува брзо, ефикасно, непристрасно како на физичките, така и на правните субјекти во една држава да ги извршуваат своите правни работи и обврски. Придобивката со имплементацијата на овој институт е да се развијат правните институции, актуелните случувања во законодавството и правосудниот систем во современите држави.[1]

Една од претпоставките за добро функционирање на секоја модерна правна држава е постоењето на нотарите, односно нотарската служба. Оваа служба има посебна улога во спроведувањето и остварувањето на правниот поредок, бидејќи правниот поредок понекогаш предвидува одредени правни форми, за кои нотарот е должен да ги осмисли и реализира.[2]

Обезбедувањето на квалитетна правна заштита е причината поради која секоја држава се стреми да го унапреди својот систем на правна заштита и континуирано да се развива и да воведува што поповолни форми на давање правна заштита. Од тие причини, воведувањето на нотаријатот во правниот систем на една држава треба да се смета како дел од една стратешка реформа на правосудниот систем, чија цел е изградба на функционален и ефикасен правосуден систем, заснован на европските правни стандарди. Истовремено, правната сигурност што ја овозможува нотарската служба е еден од основните услови за економски развој на земјата и за нејзин социјален напредок.

[1] Nastanak I razvoj institucije notara, 17.10.2012 godine, Mr. esci. Esad Oruc, International Burch University.
[2] https://www.docsity.com/sr/istoriski-razvo-na-notari-atot/630878/

Имајќи предвид дека Република Македонија во согласност со Уставот е конституирана како суверена, самостојна и демократска држава, чија појдовна основа и цел е да се воспостави и изгради владеење на правото како темелен систем на власта што ќе ги гарантира човековите права и граѓански слободи, и која се залага за членство во Европската Унија, за таа цел мора да се подготвува на тој начин што законодавството и правниот систем ќе бидат усогласени со европските критериуми, чие исполнување е еден од гарантите за влез во Унијата. Следејќи ги овие цели, стремежите се насочени кон натамошно имплементирање на современите достигнување во областа на нотаријатот, паралелно следејќи ги компаративните искуства и европските стандарди во однос на модернизирање на граѓанското законодавство. Нотаријатот се етаблира како нераскинлив и потребен дел на македонскиот правосуден систем, чија цел е усовршување, градење и продлабочување на соработката со сите институции кои се потребни со цел обезбедување подобар живот за граѓаните на Република Македонија.

2. Историски развој на нотаријатот

Институтот нотар, уште во Античко време, во својот еволуционен процес имал различни облици, како и големо значење за стабилноста на правниот систем и зацврстување на правните сигурности. Појавата на писмото, како првата трага на цивилизацијата, а подоцна и законодавните активности, развојот на друштвено-економските односи, развило потреба за воведување на трансакциска единица, што со тек на време довело до посебна професија. Оваа професија од страна на професионални писари била позната во поголемите најстари цивилизации. Еден таков пример е договор за продажба на роба во Месопотамија за време на владеењето на Рим – Сине, околку 2300 година пр.н.е, составен во присуство на сведоци.

Исто така и старото еврејско право, како и правниот систем на старите Грци, познавале облици на професијата писар, кои служеле и биле архивирани за потребата на владетелот и општеството. Старото (древно) еврејско право познавало неколку видови на пишани текстови: кралски, правни, популарни и државни пишани текстови. Сите овие пишани текстови, освен популарните, имале овластување на автентичност на документите. Овие овластувања не биле директно делегирани од страна на државата, туку произлегувале од полномошното на нивните работодавачи. Народните писари имале ограничена функција, односно поседувале вештина со која им нуделе услуги на народот. Имено, тие склучувале договори за брак, договори за купопродажба, изнајмување итн. Кралските писари ги потврдувале кралските акти и одлуките, а државните секретари биле крал и суд на правдата, додека правните писари, покрај тоа што биле толкувачи на правото, имале религиозен карактер, а најчесто имале статус на свештеници. Кралските, државните и правните писари биле вработени во државата и извршувале работи од делокругот на државните надлежности. Во класична Грција, постоеле јавни функционери, познати како синграфорс и апоргафос, кои склучувале договори за потребите на граѓаните. Тие биле предци на денешниот модерен нотар. Во предримската ера имало многу јавни функционери со овластувања да потврдуваат дела на државата со службен печат. Институтот нотаријат потекнува од римското право. Под римско право го подразбираме правото што важело во римската држава од нејзиното основање во 754 г. пр.н.е. па сè до смртта на императорот Јустинијан во 565 година од нашата ера, односно

падот на Римската империја на запад. Во тој период, римското право се развива во универзално право, кое го доживува својот подем низ цела Европа и станува лулка на повеќе правни институти, меѓу кој институтот нотар. Поимот нотар е изведен од латинскиот збор „notarius“, што значи писар. Овој термин потекнува од латинскиот збор „nota“, што значи запис или забелешка, Поимот нотар за првпат го употребил секретарот на Цицерон, Марко Тулиус Тиро. Тиро развил систем на стеногради за снимање, кои се викале Notae Tironinae, по што го добил името Notarius. Во почетоците на римската држава, со работата на нотарите се занимавал Колеџ на државни свештеници (sacerdotes publici), кои секоја година избирале по еден од нивниот број за да им даваат совет на граѓаните во врска со составувањето на тестамент или употреба на усни формулари со цел да се постигнат правните ефекти.

По падот на римското царство, подоцна во средниот век, доаѓа до пропаѓање на Римската империја, поради инвазија на Варварите, што резултирало со пропаѓање на римските управни институции, воедно и нотаријатот во тоа време. Во 11 и 12 век, на поранешната територија на Римската Империја се создале нови држави кои го користеле зачуваниот дел од римското право. Во овие држави, кон крајот на 11 век е основана така наречената Болоњската правна школа, која го проучувала римското право, и која имала за цел да создаде нови економски односи, зајакнување на приватната сопственост и создавање на нови правни гранки и институти. Болоњската правна школа имала големо значење за средновековниот нотаријат, кој во тоа време наликувал на денешно време. Правниот факултет во тогашна Болоња го основале тројца учители - Иренериус, Салтиели и Пасагари, кои биле професори по право и наука. Исто така, тие биле автори на повеќе дела и ја пренесувале вештината „нотар“ во други градови во Италија и Европа. Во средиот век, нотарите ги именувал императорот или папата. Исто така, во овој период нотарскиот акт станува јавна исправа, односно добил сила на веродостојна исправа. Веродостојноста на нотарските акти дефинитивно била препознаена за време на владеењето на императорот Фридрих Барбароса (1155-1190) и Александар III и во тоа време почнала нотарската експанзија низ Европа.

На јужнословенската област, институцијата нотар исто така се појавува во раниот среден век на просториите на приморските градови. Нотарите се појавиле на територијата

на Црна Гора, Дубровник и Далмација. Тогашните нотари биле избирани од градската управа.

Во делокругот на работата на нотарот било запишување и изготвување на одлуки на градскиот совет, евидентирање на трансакциите, обработка на правни работи за потребите на граѓаните, составување тестамент. Исто така, нотарите од делокругот на својата работа имале надлежност да составуваат нотарска исправа за пренос на недвижен имот над одредена вредност.

Нотарските исправи имале сила на јавна исправа. За составување на нотарски исправи, странките плаќале одредена сума на пари, за кои нотарот бил должен исправите да ги состави во рок од 28 дена, во спротивно плаќал казна. Следствено, најстрого се казнувало фалсификувањето на нотарската исправа. Нотарите на јужнословенската област имале значајна улога во зајакнувањето на правната сигурност и олеснувањето на правниот промет.[3]

2.1 Модерно време

[3] Nastanak I razvoj institucije notara, 17.10.2012 godine, Mr. esci. Esad Oruc, International Burch University.

Во модерното време, кое го карактеризираат различни откритија во областа на науката и техниката, хуманизмот и ренесансата, индустриската револуција, се појавуваат различни облици на нотаријат широко во светот, коишто примиле одредени својства на поединечни правни системи. Иако во правната литература можат да се пронајдат различни модели на нотаријат, зависно од обемот за овластувањата, во светот постојат три облици на институции на нотаријат: латински, државен и англосаксонски тип на нотаријат.

Латински

Овој тип на нотаријат е распространет ширум светот, а своја примена има особено во Европа. Се смета дека корените на средновековниот нотаријат потекнуваат од северна Италија, додека корените на модерниот латински тип на нотаријат потекнуваат од Франција. Имено, овој тип потекнува од Франција од 1983 година за време на владеењето на Наполеон и е спроведена реформа на нотаријатот со којашто е воспоставена независност на нотарите од политичката власт. Согласно Законот од 1803 година, нотарот бил службеник кој помагал при склучување на договорите, истите внимателно да се анализираат и да се спречат евентуалните спорови од содржината на договорите. Ваквата улогата на нотарот послужила како пример за развој на нотаријатот во континентална Европа, кои освен претходно наведените особини, се карактеризираат со самостојност, независност и професионална организација којашто довела до формирање на нотарска комора која имала надзорна функција над работата на нотарите.

Модерната нотарска пракса во Холандија се темели на францускиот закон, кој својата експанзија ја доживеал во текот на Наполеоновата окупација на Холандија, кога отпочнал да се применува во 1942 година и престанале да важат првите и најстарите прописи за нотаријатот во Холандија од 1524 година.

Во 1948 година, формирана е Меѓународна унија на латинскиот нотаријат – UINL, како меѓународна асоцијација на професионални организации на држави од латинскиот тип на нотаријат со цел примена на латинскиот нотаријат и соработка на националните институции, со меѓународните организации, како и соработка во процесот на хармонизација на прописите од сите области. Унијата ја усвоила и дефиницијата на латинскиот нотаријат: латинскиот нотар е правник по занимање којшто имал јавни

овластувања, прифаќал од странките изјави на волја и воедно давал и писмена правна форма и за тоа издавал валидни документи кои имале карактер на јавна исправа. Оригиналите на тие исправи останувале на чување, а се издавале оверени преписи. Исто така, во неговите овластувања спаѓало и јавно потврдување на факти. Можеме да заклучиме дека овој тип на нотаријат, којшто бил формиран од меѓуародната унија UINL, имал скоро идентични овластувања и должности како денес.

Следствено за овој тип на нотаријат, за назначување на нотар потребни биле следните услови: да имал завршено правен факултет и да имал положено стручен нотарски испит, работно искуство кое било неопходно за полагање на стручен испит, морални квалитети, личноста да уживала доверба и кое со своето владеење стекнал углед и авторитет во општеството.

Во ова време, државата дел од своите овластувања ги пренела на нотарите во областа на неспорните предмети, вонпарничната и извршната постапка, како и дел од работите од надлежните управни органи. Во рамките на пренесените овластувања, нотарот составувал исправи кои имале писмена форма и се однесувале на правни работи, изјава на волја, факти, заверени потписи и други податоци. Нотарските исправи имале карактер на јавна исправа.

Видови на латински тип нотари

Латинскиот модел на нотаријат се состоел од два вида на нотаријат:

а) Модел на нотаријат како слободна професија;

б) Модел адвокат – нотар.

а) Нотаријат како слободна професија

Карактеристично за овој модел била самостојноста и независноста на нотарската служба, кои овластувања биле делегирани од страна на државата како исклучиво занимање, односно нотарите не смееле да се занимаваат со друга професија. Нотарот како личност од доверба непристрасно и рамноправно ги застапувал интересите на странките и при склучување на правна работа имал обврска да ја испита волјата на странките,

фактичката состојба и да укаже на странките за позитивните и негативните последици од правната работа.

б) Адвокат – нотар

За разлика од претходниот модел, каде што нотарите не смееле да се занимаваат со друга професија, овде карактеристично е тоа што едно исто лице можело да обавува две сродни правни работи, и тоа адвокат и нотар. За адвокат – нотар можело да биде именувано лице кое имало работен стаж од најмалку пет години, професијата да ја обавувал три години непрекинато.

Државен нотаријат

Во овој модел улогата на нотарот била сведена на статус на државни службеници, без професионална независност. Карактеристично за овој модел е авторитарен систем кој имал основна задача да го сочува режимот. Во оние земји кои го прифатиле овој систем на нотаријат, нотарот се третирал како државен службеник, којашто положба најмногу одговарала на положбата на судиите со основна функција - заштита на правата на граѓаните, заштита на државниот систем и спречување на непочитување на законите.

Во 20 век, таканаречениот државен нотаријат во земјите на поранешниот комунистички блок доживеал своја ренесанса. Имено, Ленин во 1922 година го вовел моделот на државен нотаријат во правниот систем на поранешниот Советски Сојуз, кој за време на Втората светска војна бил прифатен во Унгарија, Полска и други земји. Во почетокот, институцијата нотаријат била укината со оглед на своите големи сличности со капитализмот, Ленин дополнително открил можност за негова употреба во корист на централистичко-политичкиот систем и повторно го вовел од независна правна служба до до бирократска – контролирана професија од страна на државата. Државните нотари во Советскиот Сојуз биле владини службеници кои работеле во пониски судови со општа надлежност во вонпарнична постапка, во областа на наследното право. Моделот на државниот нотаријат својата примена ја нашол во Германија, Швајцарија, Португалија и Венецуела, каде што постоел латински модел на нотаријат.

Иако бил присутен во државите со комунистички режим на влваст, во којашто припаѓаше поранешната Југославија, овој модел не бил применуван ниту во еден облик.[4]

3. **Историски развој на нотаријатот во Република Македонија**

[4] Nastanak I razvoj institucije notara, 17.10.2012 godine, Mr. esci. Esad Oruc, International Burch University.

Во Република Македонија по нејзиното осамостојување како посебна држава, со донесувањето на Уставот во 1991 година, во кој се предвидува граѓанското општество, ориентирано кон пазарната економија, нужна била радикална реформа, не само во економскиот, туку и во правниот систем на земјата. Тогаш се наметнала потребата од промена на постојаните закони, со донесување на други закони и уредување на правните норми на поинаков начин. Со измените на тогашните постоечки закони, создадена е уставна измена, односно основа за одделни вонпроцесни работи, актуелни за правниот промет и неспорни правни односи помеѓу правните субјеките да можат да се вршат како јавни овластувања од страна на самостојна и независна служба. [5]

Откако се јавила потреба за воведување на јавна служба, која ќе постапува за одредени вонпроцесни работи и неспрони правни односи, се јавила потреба од воведување на јавна служба за вршење на нотарски работи. Нотаријатот во Република Македонија се востанови во текот на 1996 година, со донесувањето на Законот за вршење на нотарските работи, како современа јавна служба во функција на задоволување на потребите и правните интереси на граѓаните и на другите правни субјекти. Овој реформски закон беше создаден за да биде во служба на граѓаните, и затоа државата формира јавна служба на која ѝ довери овластување кои допираат во правата на граѓаните, притоа придржувајќи се до највисоките морални и професионални стандарди. Законот отпочнал да се применува од 01.10.1997 година. Нотаријатот се дефинира како самостојна, независна јавна служба, во која се вршат работи од видот на јавни овластувања, врз основа на закон, по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и други заинтересирани институции.[6]

Првите нотари во Република Македонија започнале со работа во месец јуни 1998 година, а потоа истата година е основана и Нотарската комора на Република Македонија и другите органи и тела. Дејноста која денес ја вршат нотарите била во надлежност на судовите во вонпроцесна постапка, а еден ден во надлежност на управните органи.

Нотаријатот е основан со цел за растеретување на судовите од неспорни правни работи кои успешно можат да се решаваат од други субјекти, со цел намалување на обемот на вонсудските задачи на судиите и нивно постепено намалување со доворување

[5] https://www.docsity.com/sr/istoriski-razvo-na-notari-atot/630878/
[6] Закон за вршење на нотарски работи, бр.08-3570/1, 16.10.1996, Основни одредби, глава 1, член 1.

на нотарите или на други лица и органи. Донесувањето на Законот за вршење на нотарските работи, со кој се основа нотаријатот во Република Македонија, претставува крупен чекор и доста позитивно се одрази во функционирањето на правниот систем. Судовите се ослободија од еден голем товар на неспорни правни работи. Нотарите презедоа голем број работи што беа во надлежност за судовите, како што се: потврдување на фактите и изјавите, заверка на преписи, заверка на исправи од трговски и деловни книги, заверка на договори и преводи, заверка на потписи и потврдување заклучоци од седници на органи на правни лица и други огрaни, протест на меница, издавање изводи, потврди, преземање исправи, пари и хартии од вредност заради чување и предавање и многу други неспорни правни работи.[7]

Македонскиот нотаријат е дел од латинскиот нотарски систем, а Република Македонија е земја членка на Меѓународната унија на нотари од 2001 година. Нотар по овој систем е прифатен професионалец кој дели правен совет, изготвува и нотаризира правни документи за клиенти и одржува трајна документација. Нотарот, работите од својот делокруг ги врши независно, самостојно, непристрасно и стручно врз основа на закон, други прописи и општи акти засновани на закон. Нотарите се непристрасни повереници на странките. Тие својата дејност ја вршат на нивно барање, преземаат службени дејствија, независно од нивната волја, односно дејствуваат по службена должност. Дејноста на нотарот е основно занимање за времето додека истата ја извршува. Нивна стручност, како и законска обврска е да им укажат на странките за правните последици за правните работи што сакаат да ги преземаат и грижата за тоа да се утврди нивната вистинска волја. Следствено, тие придонесуваат за квалитетот на актот што го составуваат, да биде доведен до перфекција, со што се намалува бројот на можните спорови при толкувањето на тој акт во поглед на правата и обврските на учесниците во правниот однос што се уредува со него.[8]

Следејќи ги современите правни системи, како најпогодна институција за вршење на определени видови јавни овластувања, Република Македонија при конципирањето на

[7] Нотариус, Нотарска комора на Република Македонија, број 27, април 2015 година, страна 8 и 9.
[8] http://nkrm.org.mk/index.php/notarijat-vo-mk

системот на нотаријат, нашиот законодавец се определи за така наречениот и претходно споменат латински тип на нотаријат кој доминира во голем цел од земјите во светот. Основата на овој концепт се темели на самостојност и независност на нотарите во вршењето на нотарската служба.

4. Услови и постапка за именување на нотари во Република Македонија

Нотаријатот е самостојна и независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања, кој е етаблиран во правосудниот систем на Република Македонија во 1996 година. Нотарот работите од својот делокруг ги врши според начелата на независност, самостојност, непристрасност, врз основа на закон, други прописи и општи акти засновани на закон.

Нотарите во Република Македонија задолжително членуваат во Нотарската комора на Република Македонија.[9]

За едно лице, односно кандидат, да ја извршува дејноста нотар, таксативно се предвидени неколку услови, коишто кандидатот мора да ги исполнува. За нотар може да биде именувано лице кое:

а) да е државјанин на Република Македонија;

б) да е деловно способно лице и да има добра општа здравствена способност;

в) да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник кој според Болоњската декларација има 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) или има 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит транфер систем (ЕКТС),

г) да има положено правосуден испит;

д) да има положено квалификационен нотарски испит и испит за рангирање за нотар за конкретниот конкурс, психолошки тест и тест за интегритет,

ѓ) да има работен стаж на правни работи најмалку две години по положен правосуден испит;

е) да не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци или да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност;

ж) да даде изјава заверена на нотар дека ќе обезбеди соодветна опрема и простории за вршење на нотарската служба;

[9] Закон за нотаријатот, („Службен весник на РМ“, бр. 72/16 и 172/16), Одлука на Уставен суд У.бр. 129/16 од 24.01.2018 година („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), член 8.

з) да даде изјава пред нотар дека не е презадолжено, со сите последици од давање на лажен испит;

s) активно да го владее македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и

и) да поседува меѓународно признат сертификат за познавање на најмалку еден од трите начесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).[10]

Нотарот се именува со решение на Министерството за правда, врз основа на претходно објавен конкрус. Конкурсот за именување на нотар го распишува Министерството, а го спроведува Комората на нотари, која за таа цел формира комисија составена од пет члена од кои двајца од самата Комора, еден член од Судскиот совет на Република Македонија, еден член од Академијата за судии и јавни обвинители и еден

[10] Закон за нотаријатот, („Службен весник на РМ“, бр. 72/16 и 172/16), Одлука на Уставен суд У.бр. 129/16 од 24.01.2018 година („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), член 10.

универзитетски професор од правните факултети акредитирани во Република Македонија. Со комисијата раководи претседател кој се определува од редот на членовите на комисијата кои се номинирани од Комората.

Конкурсот за именувањето на нотари се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и во два дневни весници, од кои еден што се издава на македонски јазик и во весници што се издаваат на јазик што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот. Рокот за пријавување на кандидатите е 30 дена од денот на објавувањето на конкурсот во „Службен весник на Република Македонија“ и во овој рок кандидатите се должни да го положат нотарскиот испит за објавениот конкурс и да достават доказ за положен психолошки тест и тест за интегритет од акредитирани лица.

По истекот на рокот од 30 дена, Комисијата во рок од пет дена од денот на завршувањето на конкурсот ги доставува до Министерството за правда сите примени пријави, листа на кандидати, според вкупно освоени бодови.

Кандидатите кои нема да бидат именувани во рок од 15 дена од денот на завршувањето на именувањето, им се доставува писмено известување, со копија од решението за именување, против кое неименуваниот кандидат може да поведе управен спор пред надлежен суд.[11]

По именувањето, во рок од пет работни дена од денот на приемот за записникот, нотарот е должен да даде свечена изјава пред министерот за правда, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и претседателот на Комората на Република Македонија. По давањето на свечената изјава, нотарот е должен да побара од Комората да му биде издаден службен печат, сув жиг, жиг за восок, штембил и квалификуван сертификат издаден од овластен издавач, за кој е должен да ги чува со посебно внимание и во случај ако ги изгуби, должен е веднаш да ги извести Комората, судот за којшто е

[11] Закон за нотаријатот, („Службен весник на РМ“, бр. 72/16 и 172/16), Одлука на Уставен суд У.бр. 129/16 од 24.01.2018 година („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), член 11

надлежен и Министерството[12]. Сите овие неопходни работи за работата на нотарот ги одобрува и заверува претседателот на Комората,

Нотарот е должен да започне со работа во рок од три месеци од датумот објавен за почетокот со работа во „Службен весник на Република Македонија“, во спротивно ќе се смета дека воопшто не започнал со работа, но исто така, од определени причини, пред истекот на рокот од три месеци, нотарот може да побара од Министерството продолжување на рокот за уште три месеци.

Именуваниот нотар се запишува во Именикот на нотари што го води Комората.

5. Нотаријат во Република Македонија

Со донесувањето на Законот за нотаријат во 1996 година, нотарите се основани со цел да се унапреди владеењето на правото, правната сигурност и правниот живот во

[12] Закон за нотаријатот, („Службен весник на РМ“, бр. 72/16 и 172/16), Одлука на Уставен суд У.бр. 129/16 од 24.01.2018 година („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), член 12 и 15.

нашиот правен систем. Основањето на нотаријатот во Република Македонија е со цел моралните и етичките норми на однесување на нотарите да придонесат за унапредување и развој на нотарската служба, во интерес на граѓаните и правните субјекти. Нотарите се должни да ги почитуваат законите, непристрасно и правилно да ја вршат својата дејност, да ги вградат принципите утврдени во Универзалната декларација на човечки права, Европската конвенција за човекови права, и темелните вредности на Уставот во Република Македонија, Законот за нотаријат, со цел почитување и унапредување на човековите слободи и права и моралните вредности во општеството. Нотарите својата дејност треба да ја вршат со висок степен на професионална одговорност, слободно, независно, стручно, непристрасно, совесно и чесно во согласност со Уставот и законите на Република Македонија. Нотарската дејност обезбедува правна сигурност на правниот промет и превентивна правда за граѓаните и правните лица. Почитувањето на човековите права и човековото достоинство произлегуваат од правните и етичките должности на нотарот, кои се темелат врз дадената јавна доверба од граѓаните и други правни субјекти.

Нотаријатот е составен дел од правосудниот систем на државата, вршејќи доверени јавни овластувања со кои на граѓаните и правните субјекти им се обезбедува ефикасно и едноставно остварување и реализирање на своите правни работи во приватниот живот.[13]

6. Обем на работа, ефикасност и квалитет во работата на нотарите

Како резултат на позитивните искуства од примената на Законот за вршење на нотарските работи, а со цел за натамошно пренесување на одредени овластувања од

[13] Кодекс на професионална етика на Нотарите, Нотарска Комора на Република Северна Македонија, бр. 0247914 од 16.04.2022 година, Скопје

судовите на нотаријатот, јакнење на обврските и одговорноста на нотарите и надминување на одредени слабости и недостатоци при примената на Законот за вршење на нотарските работи, беше потребно донесување на нов Закон за нотаријат, кој беше донесен на 20. 04. 2007 година од страна на Собранието на Република Македонија. Со овој закон, нотарите добија нови овластувања, како повереници на судот да ја спроведуваат оставинската постапка. Овластувањата на нотарите за расправање на оставината се утврдуваат со закон кој ја уредува таа постапка.

Од 01. 07. 2011 година, нотарите добија изворна надлежност да можат по предлог на доверителот да донесат решение со кое ќе дозволат извршување на веродостојна исправа за втасани парични побарувања. Решението на нотарот, донесено врз основа на веродостојна исправа, претставува основ за извршување, односно основ за спроведување на извршување. Покрај изворната надлежност што ја добија нотарите, добија и доверена надлежност.

Решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, донесено од нотар, претстравува извршна исправа. [14]

Со повеќекратните измени на Законот за нотаријат, на нотарите им се дадени повеќе овластувања во вршењето на својата работа, но паралелно на тоа, тие се изложени на поголеми обврски и поголема одговорност. Во овој магистерски труд, ќе дадам детална анализа за пречекорувањата и одговорноста на нотарите во Република Македонија во вршењето на својата дејност.

7. Одговорност на нотарите во вршењето на својата дејност

Нотарот е лице коешто врши јавни овластувања утврдени со закон, именувано од Министерството за правда, кое својата служба ја врши единствено како професионално

[14] Нотариус, Нотарска комора на Република Македонија, број 27, април 2015 година, страна 98.

занимање.[15] Нотарот, како што погоре беше наведено, во вршењето на својата дејност треба да ги почитува Уставот и Законите во Република Македонија, својата работа треба да ја врши професионално, независно, непристрасно, стручно, како и да ги почитува човековите слободи и права. Од воспоставувањето на нотаријатот, па сѐ до денес континуирано се зголемуваат овластувањата и службените обврски на нотарите, што резултира со поголем обем на одговорност при извршувањето на нивната дејност. Нотарската служба опфаќа составување и издавање на јавни исправи за правните работи во форма на нотарски акт, изјави и потврди за факти врз основа на кои се воспоставуваат права и обврски, донесување решенија во постапка за издавање на нотарски платни налози, потврдување на приватни исправи (солемнизација), издавање потврди, заверки на потпис, препис, превод, чување на исправи, пари и на предмети од вредност заради нивни предавање на други лица или органи, како и вршење на доверени работи определени со закон.[16] Одговорноста на нотарот претставува одговорност која потекнува од неговите активности и одлуки и која негативно резултира на граѓаните, општеството и правниот поредок во една држава. Нотарите во вршењето на својата работа, честопати, поради определени причини, свесно или несвесно ги пречекоруваат своите законски овластувања кои им се дадени, по што причинуваат штета, и за истата тие се одговорни. Непочитувањето на законските норми, несовесното и нестручно работење на нотарот, резултира со одговорност на нотарот пред надлежните институции. Нашиот правен систем разликува три вида на одговорност каде што како сторители се јавуваат нотарите: материјална, дисциплинска и кривична одговорност. Во овој магистерски труд, накратко ќе бидат изложени материјалната и дисциплинската одговорност, при што фокусот ќе биде свртен кон кривичната одговорност, кои кривични дела ги предвидува нашиот кривичен закон, каде што како сторители се јавуваат нотарите во вршењето на својата дејност, мотивот за извршување и целта, односно придобивките, како и кривичните санкции за извршување. Најчесто, причините за непочитувањето на кодексот за однесување, непочитувањето на законските норми имплементирани во законските акти во нашата земја, воедно и сторување на кривични дела, се повеќе од економски карактер, односно добивање на одредена противправна имотна корист.

[15] Закон за Нотаријат, („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), пречистен текст, член 3, став 1.
[16] Закон за Нотаријат, („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), пречистен текст, член 3, став 2.

Можеме да заклучиме дека постојат повеќе видови на одговорност на нотарите: материјална одговорност за причинета штета во вршењето на нотарските дејности, дисциплинска одговорност, кривична одговорност, одговорност како раководител доколку нотарот има вработено други лица во нотарската канцеларија, одговорност како даночен обврзник за приходите од нотарските услуги.

Обврски на нотарите

Согласно новиот Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, се определува и дефиниција на субјекти кои имаат обврска за спречување

перење пари и финансирање тероризам. Имено, субејкти се лицата кои имаат обврска да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање тероризам. Освен финансиските институции, како субјекти кои имаат обврска се јавуваат и физички и правни лица кои вршат услуги, како што се: промет на недвижности, ревизорски, сметководствени услуги, нотарски услуги, адвокатски и други правни услуги коишто се однесуваат на купопродажба на недвижности, подвижни, тргување и управување со пари и хартии од вредност и други финансиски и правни услуги.

Во конкретниот случај, нотарите се субјекти коишто се надлежни да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари. Во законот се утврдени мерките и дејствијата на нотарите за откривање и спречување на перење пари и финансирање тероризам, а тоа се: анализа на клиентите, следење на одредени трансакции, собирање, чување и доставување податоци за трансакциите и клиентите кои ги вршат истите и воведување и примена на програми за спречување на перење пари.

Нотарите се должни да вршат анализа на клиентот во случај кога се воспоставува деловен однос, кога се извршуваат трансакции во износ од 15.000 (петнаесет илјади евра) или повеќе, кога постои сомневање на перење пари или финансирање на тероризам, кога постои сомневање за вистинитоста на добиените податоци за идентитетот на клиентот. Нотарот врши идентификација на идентитетот на клиентот кога е физичко лице, со дукумент за идентификација издаден од надлежен орган или копија заверена на нотар. Кога клиентот е правно лице, неговиот идентитет се потврдува со документ за регистрација во оригинал или копија заверена на нотар, издаден од надлежен орган на државата во која е регистрирано правното лице. Утврдувањето на идентитетот се врши пред воспоставувањето на деловниот однос, или пред да се изврши трансакцијата. Нотарот има законска обврска за постојано следење на деловниот однос и трансакциите што се вршат со цел да се потврди дека тие трансакции се во согласност со целта и намерата на деловниот однос, ризичниот профил на клиентот, неговата финансиска состојба и неговите извори на винансирање. Следствено, нотарите имаат обврска да обрнат посебно внимание на сложените трансакции или трансакциите кои немаат очигледна економска оправданост, а посебно на здруженија или хуманитарни организации и фондации коишто се користат како маска за перење на пари. Доколку не можат да се

спроведат погоренаведените мерки за анализа на клиентот, нотарот е должен да одбие воспоставување на деловен однос. Во таков случај нотарот има обврска да утврди дали постои сомневање на перење пари или финансирање на тероризам и да достави извештај до управата за финансиско разузнавање.

Собраните податоци за составените нотарски акти, потврдените приватни исправи и заверени потписи на договори, со кои се стекнува имот во вредност од 15.000 (петнаесет илјади евра), нотарот е должен да ги достави до управата за финансиско разузнавање во електронска форма.

Нотарите се должни во писмена форма да пријават сомнителна трансакција кога имаат основи за сомневање дека е извршено перење пари или финансирање на тероризам, или пак, е направен обид за перење пари без оглед на висината на трансакцијата. Основите за сомневање се утврдуваат врз основа на непосредни сознанија и анализа на клиентот, како и листа на индикатори за препознавање сомнителни трансакции, утврдени од управата за финансиско разознавање. Следствено, ќе наведеме листа на индикатори за нотари за спречување на сомнителни трансакции, кога:

- Клиентот одбива завереният документ да биде доставен до надлежните државни органи;
- Клиентот одбива да се идентификува или кога ќе дознае дека треба да се идентификува, ја прекинува соработката;
- При идентификацијата употребува лажни документи, лажно име, број на телефон, адреса на живеење итн.;
- Клиентот нуди поголема награда од утврдената нотарска тарифа;
- Клиентот бара помош кој содржи елементи на кривично дело;
- Клиентот соработува со повеќе нотари;
- На клиентот му е познато законодавството за спречување и перење пари;
- Не е запознаен со работата и документацијата што ги потпишува;
- Работата ја врши за трето лице;
- Клиентот по купувањето на недвижниот имот, истиот го продава со пониска цена;
- Купува недвижности без економска или правна основ;

- Особено треба да се има предвид кога нотарите управуваат со имотот на клиентот, на пример: во налогот на клиентот се бара парите да се внесат на повеќе сметки или да се префрлат во странство. Неопходно е да напоменеме, дека внесувањето парични средства на повеќе сметки претставува познат начин на перење пари со цел да се изгуби трагата на парите.
- Дејноста којашто ја врши клиентот и изворите на проходи се многу помали од транскациите кои ги врши клиентот пред нотарот.

За повредите на одредбите од Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам, спрема нотарот можат да бидат преземени дисциплински мерки, како и прекршочни одредби, а под одредени услови, може да биде поведена и кривична постапка за кривично дело перење пари и други приноси. Поради тоа, нотарот мора будно и многу одговорно да внимава на доследното спроведување на мерките и дејствијата за спречување на перење пари.[17]

Нотарот е одговорен и правно обврзан да ги почитува мерките за спречување на перење пари и финансирање тероризам. Тие мора да бидат свесни за ризиците од перење пари и финансирање тероризам и да обезбедат мерки со цел да се ублажат ваквите ризици во нивните канцеларии за секое непочитување или невнимание од страна на нотарот или вработениот во неговата канцеларија.

Нотарите треба да бидат вклучени и во работата на полето на спречување на перење пари и финансирање на тероризам, па така сите политики, процедури и прирачници што се изработени, донесени и се во примена во врска со перењето пари и финансирање тероризам, без оглед на големината на нотарската канцеларија или на нејзиниот промет, треба да бидат одобрени од организацијата надлежна за нотаријатот.[18]

8. Дисциплинска одговорност на нотарите во Република Македонија

Нотарите, како и сите други физички и правни субјекти во правниот поредок на една држава, во вршењето ја својата дејност се одговорни за штетата што би ја сториле

[17] Нотариус, Нотарска комора на Република Македонија, број 27, април 2015 година, страна 66,67, 68,69,70 и 74.

[18] [18] Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, (Сл. весник на РМ, бр. 120 од 29.06.2018 година) бр. 08-4006/1, 26.06.2018 година Скопје

кон трети лица. Нотарите постапуваат согласно Уставот и законите во Република Македонија и се должни да ги почитуваат нормативните акти и правните прописи. Во случај на сторена штета од страна на нотарот во вршењето на својата дејност, тој е должен да ја надомести штетата што ја причинил на друг.[19] Нотарот за причинетата штета одговара согласно општите правила за надомест на штета предизвикана од службеното лице.[20] Нотарот во вршењето на своите работни задачи, е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му се предизвика штета.[21] Доколку нотарот со вина причини штета на друг, должен е да ја надомести, а доколку штетата произлегува од дејност од која произлегува голема опасност, се одоговара, без оглед на вината.[22]

Вина постои кога штетникот причинил штета со намера или со невнимание (крајно, обично или друг степен предвидено со закон). Ако штетата е причинета со намера или крајно невнимание, оштетениот треба да го докаже постоењето на вината кај нотарот што ја сторил со нотарската исправа.[23] Нотарот, исто така, е одговорен за штета што работникот во работата или во врска со работата ќе му ја причини на трето лице, освен ако докаже дека работникот во дадените околности постапувал онака како што требало.[24] Нотарот кој на оштетената странка во вршењето на својата дејност му ја надоместил штетата што работникот ја причинил намерно или со крајно невнимание, има право од работникот да бара надомест на платениот износ во рок од шест месеци од денот на исплатениот надомест.[25]

Нотарот одговара дисциплински за повреда на службената должност што ќе ја стори по своја вина.[26] Во законот за нотаријатот е дефинирано дека нотарот е лично одговорен за нотарската служба. Нотарот одговара дисциплински за прекршоци сторени со повреда на законите, Кодексот на професионална етика на нотарите и непочитување на одредбите од актите на Нотарската комора. Доколку при вршењето на работите од својот делокруг нотарот стори кривично дело, не е исклучена и дисциплинската одговорност, а

[19] Закон за Нотаријат, („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), пречистен текст, член 38, став 1.
[20] Закон за Нотаријат, („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), пречистен текст, член 3, став 2.
[21] Закон за Облигационите односи, член 9.
[22] Закон за Облигационите односи, член 141.
[23] Закон за Облигационите односи, член 145.
[24] Закон за Облигационите односи, член 157.
[25] Закон за Облигационите односи, член 157, став 4 и 5.
[26] Закон за Нотаријат, („Службен весник на РМ,, бр. 25/18), пречистен текст, член 132.

со тоа и изрекување на дисциплинска мерка. Исто така, нотарот е одговорен доколку ја нарушува честа и угледот на нотарската служба, ја доведува во прашање довербата на нотарската служба или ја повреди нотарската должност со незаконито, нестручно, односно несовесно постапување, сторено со умисла или од крајно невнимание. Нестручното постапување на нотарот претставува повреда на законот, со кое во вршењето на нотарските работи нотарот предизвикува повреда на правата на учесниците или на трети лица.[27]

Министерството за правда, како и Комората на нотарите, вршат надзор над законитоста на работењето на нотарот. Дисциплинската постапка се поведува по предлог на министерот за правда, претседателот на Комората, и претседателот на Основниот суд на чиешто службено подрачје е седиштето на нотарот, врз основа на претходно сознание за сторена повреда на законот, кодексот, или непочитување на актите, а ја води Дисциплинскиот совет при Нотарската комора. Предлогот содржи факти и докази од кои се утврдува постоењето на дисциплинската повреда. Предлогот се доставува до нотарот на кој се однесува, и истиот е должен во рок од осум дена од денот на приемот, да достави одговор во врска со предлогот. Постапката пред дисциплинскиот совен е итна. За утврдување на факти во дисциплинската постапка, дисциплинскиот совет може да спроведе извиди за кој се составува записник. Нотарот против кого се води постапката има право на непосредно произнесување пред дисциплинскиот совет. Дисциплинскиот совет е составен од пет члена и нивни заменици со мандат од две години, без право на реизбор. Дисциплинскиот совет во полн состав ја спроведува дисциплинската постапка по предлог на министерот за правда, ја води постапката и донесува одлука по неа.[28] За сторена дисциплинска повреда спрема нотарот можат да се изречат следните дисциплински мерки: писмена опомена, јавна опомена, парична казна, привремено одземање на правото на вршење нотарска служба и трајно одземање на правото на вршење нотарска служба.[29] Конечната одлука донесена во дисциплинската постапка ја извршува претседателот на Комората. Дисциплинските органи кои се надлежни за водење на постапката, своите одлуки ги донесуваат во форма на одлука или решение, кои содржат

[27] Закон за Нотаријат, („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), пречистен текст, член 132.
[28] Закон за Нотаријат, („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), пречистен текст, член 124.
[29] Закон за Нотаријат, („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), пречистен текст, член 137.

вовед, изрека, образложение и правна поука за заштита на правата. Дисциплинскиот совет носи одлуки со кои нотарот се ослободува од одговорност, се огласува за виновен или решение со кое нотарот привремено се оддалечува од службата. Против одлуките на дисциплинскиот совет и изречените дисциплински мерки, нотарот има право на жалба до Управниот одбор на Комората во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката. Управниот одбор на Комората одлучува како второстепен дисциплински орган и постапува според начелата на казненото право и правилата на кривичната постапка. Управниот одбор на Комората може да ја укине одлуката на дисциплинскиот совет и да го врати предметот на повторно постапување, може да донесе одлука за повторување на одлуката на дисциплинскиот совет или да донесе решение со кое жалбата се отфрла како недозволена или ненавремена. Против овие одлуки или решение на Управниот одбор, може да се поведе управен спор пред Управниот суд. Поведената дисциплинска постапка застарува во рок од две години од денот на сторувањето или во рок од една година од дознавањето на повредата. Доколку дисциплинската повреда повлекува и кривична одговорност, одговорноста на нотарот застарува во рок од две години од денот на дознавањето на повредата.

Како што погоре беше наведено, нотарите во вршењето на својата дејност се одговорни за штетата што би ја сториле на трети лица. Во Република Македонија постојат случаи кога брачниот другар, кој не учествувал во постапката пред нотарот, а дошол до сознание дека постои нотарска исправа, односно извршена е промена во катастарот на недвижностите, во тој случај презема мерки да го заштити својот правен интерес, така што поднесува тужба пред надлежен суд за утврдување ништовност на правната зделка, а исто така и на нотарската исправа.

Исто така, постојат случаи кога еден од брачните другари, кој не учествувал како странка во постапката пред нотарот, согласно член 3 од Законот за постапување по претставки и предлози, да се обраќа до Министерството за правда или до Нотарската комора со цел против нотарот да биде покренета дисциплинска постапка и да биде исречена соодветна дисциплинска мерка. Во тој случај, Министерството за правда или Нотарската комора, согласно член 131, став 1 од Законот за нотаријатот, врши надзор над предметот на кој се укажува во претставката и согласно член 134, став 1 од Законот за

нотаријат, се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка против нотарот, до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора.

Од практиката на дисциплинскиот совет, при нотарската комора, постојат случаи во кои дисциплинската постапка е завршена со одлука со која нотарот е огласен за виновен за сторена дисциплинска повреда, со изречена соодветна дисциплинска мерка. Така, на пример, во конечната одлука ДП бр. 10/2014 година од 22. 10. 2014 година, утврдено е дека нотарот е виновен поради тоа што вршејќи ја нотарската служба по предметите, ОДУ бр. 93/12, ОДУ бр. 141/12 и ОДУ бр. 431/12, солемнизирал, односно потврдил приватни исправи, договори за дар на недвижен имот, само врз основа на постоечки имотни листови во кои не постоел правен основ за запишување на сопственоста без да утврди или прибави документи за правниот однос во кои дародавачите го стекнале имотот којшто е предмет на дар и дека имаат право да располагаат со истиот имот. Во конкретниот случај, нотарот бил должен да побара согласност од брачните другари на дародавачите. Ваквото постапување на нотарот е спротивно на одредбите од Законот за нотартијат и Законот за сопственост и други стварни права, според кој во вршењето на работите, со располагање со имотот, потребна е согласност на другиот брачен другар изразена во форма која се бара за соодветното правно дело.[30]

Во праксата постојат случаи, каде дисциплинскиот совет има одлуки со кои се утврдени случаи на сторени дисциплински повреди од страна на нотари во врска со обврски кои нотарот ги има во други случаи утврдени со закон, а на кои нотарот е должен да внимава по службена должност. Имено, според Законот за сопственост и други стварни права, сосопственикот кој има намера да го продаде својот сопственички дел е должен другите сосопственици со подавка преку нотар да го понуди за продажба својот дел и да ја соопшти цената и условите при продажба на недвижен имот.[31] Нотарот во конкретниот случај имал обврска да ги извести останатите сосопственици на недвижниот имот со подавка за продажбата со право на првенствено купување. Бидејќи нотарот не ја исполнил својата законска обврска и конкретниот недвижен имот бил отуѓен на трети лица, со овој чин нотарот сторил повреда и пречекорување на Законот за нотаријат и Законот за

[30] Нотариус, Нотарска комора на Република Северна Македонија, издание 37/21, стр. 13 и 14.
[31] Закон за сопственост и други стварни права, член 33, став 1.

сопственост и други стварни права, со тоа што не ги известил сосопствениците со право на првенствено купување, а бил должен тоа да го стори.

Ваквите понуди на сосопствениците е со цел да се спречи уситнување на земјоделските парцели и порационално користење на земјоделското земјиште и соодветно на тоа да се применат современи агротехнички мерки во случај на продажба право на првенство имаат заедничкиот сопственик, сосопственикот и соседот чие земјиште се граничи со земјиштето што се продава и со тоа правото на првенство се остварува преку доставување на писмена понуда од сопственикот до другите субјекти.[32]

Следствено, постои случај кога со конечна одлука ДП бр. 1/2020 година од 28. 02. 2020 година, нотар е огласен за виновен за сторена дисциплинска повреда поради што воспоставил реален товар врз основа на солемнизација на приватна исправа (спогодба за регулирање на меѓусебни права и обврски) под ОДУ бр. 845/19 од 22. 10. 2019 година помеѓу ДОО како доверител и лице Н. Н. како должник, без претходно да испита дали наведениот имот е заеднички имот на брачниот другар, или пак, тоа е негов посебен имот.

Имено, нотарот не побарал согласност од другиот брачен другар, со што постапил спротивно на Законот за сопственост и други стварни права во кој е пропишано дека со својот дел во даедничкиот имот пред тој да се определи брачниот другар не може самостојно да располога ниту да го товари со правно дело меѓу живите.[33]

Следствено, ќе бидат наведени неколку примери против нотарите, кои не ги почитувале своите законски обврски и за кои е изречена дисциплинска мерка јавна опомена.

Пример 1: Нотарската комора на Република Северна Македонија, согласно член 139, став 2 и 146 став 1 од ЗН (Сл. весник на РМ, бр. 72/16, 142 и 233/18) објавува дека со конечно решение на Дисциплиснкиот совет при Нотарската комора, ДП бр. 13/18 од 08. 02. 2019 година, против нотарот Н. Н за подрачјето на основен суд НН поради сторени две дисциплински повреди од член 139 став 1, алинеа 3 од ЗН, за неуредно водење на нотарските деловни книги и една дисциплинска повреда од член 139 став 1, алинеа 5 од

[32] Нотариус, Нотарска комора на Република Северна Македонија, издание 37/21, стр 14.
[33] Закон за сопственост и други стварни права, член 70, став 2.

ЗН, непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа за кои е изречена дисциплинска мерка јавна опомена.[34]

9. Кривична одговорност на нотарите во Република Македонија

Нотарите во Република Македонија, во вршењето на својата фукнција подлежат на одговорност врз основа на сторено кривично дело кон трети лица. Во нашиот законодавен

[34] Нотариус, Нотарска комора на Република Северна Македонија, издание 37/21, стр 93.

систем, нотарите како самостојна и јавна функција се изедначени со одговорноста во вршењето на службената должност на државните органи.

Кривично дело е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.[35] Нотарот во вршењето на својата дејност, кривично е одговорен доколку е пресметлив и делото го сторил со умисла или небрежност, а притоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото.[36]

На никого не може да му биде изречена казна или друга кривична санкција за дело кое, пред да биде сторено, не било со закон или со меѓународните договори ратификувано согласно Уставот на Република Македонија определено како кривично дело и за кое не била пропишана казна со закон.

Нотарот е лично одговорен за сторено кривично дело во вршењето на својата дејност, но исто така, тој е одговорен за кривичното дело сторено од одговорното лице, или негов вработен, кој врши работи во негово име и за негова сметка. Следствено, нотарот е одговорен за сторено кривично дело од негов вработен со кое е остварена значителна имотна корист или на друг му е нанесена штата.[37]

Казнената санкција е правно организирана реакција на општеството, односно справедливо целно зло, кое државата му го нанесува на сторителот на кривичното дело. Санкцијата претставува целно зло бидејќи нејзината смисла не е само во тоа да му се возврати одмазнички на сторителот, туку со неа се настојува да се постигнат определени социјално корисни цели, почитување на законите и воздржување од извршување на кривични дела. Накратко ќе споменеме дека казната која се изрекува врз основа на извршено кривично дело има две цели. Првата цел се состои воспитно да влијае врз сторителите на кривично дело, односно да се одвратат од сторување на кривични дела и да бидат свесни дека доколку не ги почитуваат нормативните акти и прописи, ги очекува казна. И втората цел на казната се нарекува специјална первенција и се состои во воспитно

[35] Кривичен законик, Член 7
[36] Кривичен законик, Член 11, став 1.
[37] Кривичен законик, Член 28 а, став 1 и 2.

влијание на сторителот и негово превоспитување, односно ресоцијализација, за во иднина да не извршува кривични дела.

Во нашиот кривичен закон се предвидени казни со цел спречување на сторителот да врши кривични дела и негово превоспитување и воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела.[38]

10.Казни

[38] Кривичен законик, член 32

Нашиот кривичен закон ги содржи следните видови казни, кои можат да им се изречат на кривично одговорните сторители:

1. Казна затвор
2. Парична казна
3. Забрана за вршење професија, дејност или должност
4. Забрана на управување со моторно возило
5. Протерување на странец од земјата.[39]

Нотарот, може да биде осуден на казна затвор во врска со вршењето на својата дејност, односно со сторување или пропуштање на работните задачи од својот делокруг на работа. Следствено, судот кој му изрекол казна затвор на нотарот, може да му забрани вршење на професијата, дејноста или должноста, доколку тој ја злоупотребил својата професија, дејност или должност заради извршување на кривично дело и ако врз основа на природата на извршеното кривично дело и околностите под кои е сторено, може во иднина да се очекува дека таквата дејност ќе ја злоупотреби и повторно ќе изврши кривично дело.[40]

За кривични дела сторени на правни лица, како главна казна се изрекува паричната казна, во износ кој не може да биде помал од 100.000 денари, ниту поголем од 30 милиони денари.[41] Доколку со сторувањето на кривичното дело е остварена штета или каква било корист од големи размери, може да се изрече парична казна до двојниот износ од максимумот на оваа казна или во сразмер во висината на предизвиканата штета, односно остварената корист, но најмногу до нивниот десеткратен износ.

11.Алтернативни мерки

[39] Кривичен законик, член 33 и 34.
[40] Кривичен законик, член 38 б
[41] Кривичен законик, член 96-а

Целта на алтернативните мерки е спрема кривично одговорниот сторител да не се примени казна за полесни дела кога тоа не е нужно заради кривично-правна заштита и кога може да се очекува дека целта на казнувањето може да се оствари со предупредување со закана за казна, само со предупредување или со мерки на помош со надзор и однесувањето на сторителот на слобода.[42]

Како видови на алтернативни мерки кои можат да се исречат на сторителите на кривични дела, во нашиот закон се предвидени:

а) Условна осуда;

б) Условна осуда со заштитен надзор;

в) Условно прекинување на кривичната постапка;

г) Општокорисна работа;

д) Судска опомена и

ѓ) Куќен затвор.

Условната осуда како една од видовите на алтернативни мерки претставува мерка со која на сторителот на сторено кривично дело, судот му ја утврдува казната и истовремено определува дека таа нема да се изврши ако осуденият за времето што ќе го определи судот, а кое не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години, не стори ново кривично дело. Судот може во условната осуда да определи дека казната ќе се изврши и ако осуденият во определениот рок не ја врати имотната корист прибавена со извршувањето на кривичното дело, не ја надомести штетата што ја предизвикал со кривично дело или не ги исполнил другите обврски предвидени со кривично-правните одредби. Рокот за исполнување на тие обврски го утврдува судот во рамките на определеното време за проверување.[43]

[42] https://eprints.ugd.edu.mk/7577/1/praktikum%20KZ%20%D1%81.pdf, стр 20.
[43] https://eprints.ugd.edu.mk/7577/1/praktikum%20KZ%20%D1%81.pdf, глава 4, Алтернативни мерки, член 48, 49 и 50, стр. 20

Од сето ова можеме да согледаме дека во нашата правна практика, судот има исречено пресуди со условна осуда, воедно и определено време во кое на осудениот нотар којшто прибавил имотна корист, и рок во кој нотарот е должен да ја врати прибавената имотна корист.[44]

12.Споредни казни

Судот, кога ќе оцени дека правното лице ја злоупотребило својата дејност и дека постои опасност во иднина да го повтори делото, може да изрече:

[44] Примерот со пресудата бр. 4, Злоупотреба на службена положба во овој магистерски труд, стр 51.

1. Забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;
2. Одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;
3. Привремена забрана за вршење на одделна дејност;
4. Трајна забрана за вршење на одделна дејност;
5. Престанок на правното лице, односно во нашиот случај дејноста нотар.

Времетраењето на споредните казни го определува судот кој ја донел првостепената пресуда, кое не може да биде пократко од една, ниту подолго од пет години.

Главните и споредните казни се впишуваат електронски во Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, кој се води во Централниот регистар на Република Македонија. Првостепената пресуда изречена со судска одлука, може по барање на оштетениот на товар на осуденото лице да биде објавена во Службен весник на Република Македонија и во два од дневните весници, од кои еден на јазикот на припадниците на заедниците кои се мнозинство во Република Македонија.

13. Кривични дела кој како сторители се јавуваат нотарите во вршењето на својата дејност

Феноменологијата на криминалитетот претставува подрачје на криминилогијата како наука што се занимава со појавните облици, конкретните и општите манифестации на криминалитетот и деликвенцијата на општествената реалност со обемот, динамиката,

структурата и структуралните промени, со распространетоста на криминалитетот, деликвенцијата и нивните карактеристики што се израз на времето и просторот, со квалитативните и квантитативните карактеристики што произлегуваат од неговиот карактер на индивидуална и општествена појава, со штетните последици и жртвата и сето тоа како потреба да се стекнат сознанија за објаснување на нивната етиологија.[45]

Криминалитетот претставува многу сложена и динамична општествено негативна појава која е прилагодлива на општествените движења и промени. Под поимот криминалитет се подразбираат најтешките облици на поведенија на неправо, што го носат квалификативот на општествено опасни кривични дела и како такви се пропишани и санкционирани со законските нормативни акти. Криминалитетот можеме да го дефинираме како збир на криминални, антсоцијални, асоцијални и деликвентни поведенија на поединци и групи што општеството ги забранува и казнува, бидејќи претставуваат повреда и загрозување на некоја правна норма со која се загрозуваат и некои индивидуални и општествени добра, вредности, права и слободи.

Паралелно со дисциплинската одговорност, Законот за нотаријат ја зголемува и кривичната одговорност, со тоа што дисциплинскиот орган при вршењето на дисциплинската постапка, доколку утврди дека има елементи за извршено кривично дело за службените дејствија за кои се води постапката, должен е да ја прекине постапката која ја води и да поднесе пријава до надлежен орган. Кривично-правната одговорност е одговорност пред државата и законите. Казненото право важи сите, а кривичната одговорност се сведува исклучиво на утврдување на вина.

Во овој дел од магистерскиот труд, ќе бидат изложени кривичните дела кои можат да ги извршуваат нотарите во вршењето на својата работа. Главната хипотеза во овој магистерски труд ќе биде аргументирана и ќе се даде одговор на квантитетот и квалитетот на неправото, динамиката и обемот на противправното однесување на нотарите при вршењето на нивната дејност. Од аспект на феноменологијата на одговорноста, посебно ќе биде акцентирана казнено-правната форма како посредно средство во санкционирањето на најтешките повреди во вршењето на нотарската дејност. Од основањето на институтот

[45] https://www.akademik.mk/wp-content/uploads/2016/01/Ekonomski-Kriminalitet.pdf

нотаријат, како повереници на судовите на продрачјата каде што се наоѓаат, направени се повеќекратни измени на Законот за нотаријат, со кои на нотарите им се доделени повеќе надлежности во нивниот делокруг на работата а паралелно на тоа, тие подлежат на поголема одговорност пред надлежните органи. Имено, досегашната практика во Република Македонија покажала дека некои нотари не ги почитувале нормативните акти и прописи по кои се надлежни да постапуваат, намерно или од небрежност сториле кривични дела заради остварување на некаква корист за себе или за друг, при што сториле повреда на кривичниот законик. Следствено на погоренаведеното, ќе бидат објаснети кои кривични дела ги познава нашиот закон за кои нотарот е одговорен во вршењето ја својата дејност, мотивот за сторување, целта и воедно казните и санкциите кои судот ги донел против нив.

13.1. Злоупотреба на службена положба

Самиот поим злоупотреба на службена должност имплицира релација на подреденост, должност спрема некого. Казнените дела против службената должност претставуваат облик на напад врз државните интереси на неприкосновеност на

овласувањата на државните службеници, како и за заштита на довербата во правилното исполнување на службените обврски.[46] Државата и државната власт по својата моќ е неограничена, па оттука стои потребата од ограничување на овластувањата на носителите на функциите на власт, бидејќи тие треба да бидат ставени во цврсти рамки, за да се оствари принципот на владеење на правото. Службената должност подразбира и законско исполнување на службените овластувања, во смисла вршењето на овластувањата да биде неопходен елемент за правилното функционирање на правна и современа држава.[47] Под овој поим се подразбира збир на обврски коишто произлегуваат од јавно-правниот карактер на службата (функцијата), кон кои мора да се придржуваат лицата во тие служби. Овие лица имаат големи овластувања и во вршењето на истите се должни да постапуваат во согласност со целите и интересите на службата. Секое вршење на службата кое е во спротивност со уставот, законите и прописите донесени врз основа на закон, претставуваат злоупотреба на овластувањата во најширока смисла. Тоа се повреди на службената должност која ја чини слижбеното лице во вршењето во најширока смисла. Во одредени случаи на постапувањето на службените лица, во согласност со позитивните законски прописи, претставува и дисциплинска повреда. Во казнено-правната смисла злоупотребата ги опфаќа оние незаконски постапувања во службата кои се пропратени со прибавување за себе или за друг некаква корист или нанесување на штета.

Во корпусот на нотарски инкриминации, злоупотребата на службената положба и овластување се јавува како дело кое има супсидијарна и бланкетна природа. Ова дело се врши со посебна намера за прибавување некаква корист или нанесување некаква штета. Според Законот за нотаријат, нотарот е должен нотарските службени дејствија да ги врши совесно, чесно, непристрасно, во согласност со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори и да ги заштитува интересите на странките и исто така е должен да одбие службено дејствие кое е спротивно на законите и правните прописи. Нотарот не смее да презема никакви службени дејствија со лице за кое знае или мора да знае дека лицето е неспособно да презема или да склучи определена правна работа. Исто така, нотарот е должен да одбие преземање службено дејствие, доколку странките немаат

[46] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, четврто дополнително издание, Скопје 2003 година, стр. 495.
[47] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, четврто дополнително издание, Скопје 2003 година, стр. 496.

уредно овластување во согласност со прописите со кои е уредено преземањето на таквите дејствија.

Според поднесените кривични пријави, најчеста инкриминација под која се супсумираат нотарските нерегуларности е злоупотребата на службена положба и овластување. Имено, практиката покажува дека во ОЈО Скопје од вкупно 50 (педесет) пријавени нотари, 35 (триесет и пет) пријави биле по овој основ, а исто така во Основните јавни обвинителства во Гевгелија, Куманово, Велес, Охрид, Струга, Радовиш, Делчево и Кочани сите поднесени пријави се однесуваат на оваа одредба од Кривичниот закон на Република Македонија. Во корпусот на нотарски инкриминации влегува и несовесното работење во службата, при што се пријавени вкупно 156 (сто педесет и шест) нотари, а 12 (дванаесет) пријави се однесуваат на ова кривично дело. Во контекст на ова, посебно ќе ја наведеме ОЈО Дебар, каде што единствената поднесена кривична пријава против нотарот е токму по ова кривично дело и за истата има правна завршница - првостепена осудителна пресуда.

Како сторители на кривичното дело злоупотреба на службената положба се јавуваат: службени лица, одговорни лица, одговорни лица во странско правно лице кое има претставништво или врши дејност во РМ или лице што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото овластување или должност кон странски службени лица итн.

Дејствијата на извршување можат да бидат различни:

1. Искористување
2. Пречекорување
3. Неизвршување.

Првично и најчесто дејство во практиката е искористување на службената положба, кое се врши кога службеното лице, односно сторителот, не се раководи од интересот на службата, туку од личен интерес за прибавување за себе или за друг некаква корист или нанесување штета на друг. Второто дејствие на извршување, односно пречекорувањето постои кога службеното лице врши дејствија коишто се надвор од неговите службени овластувања и третото дејствије на извршување, односно неизвршувањето на службена

дејност, постои кога службеното лице, односно сторителот на кривично дело, не преземал или пропуштил да преземе службено дејствие, коешто е во рамките на неговото службено овластување, а е должен тоа да го стори. Тука ќе напоменам дека секое неизвршување на службената должност не претставува кривично дело, потребно е да има последица како резултат на ваквото однесување и воедно да е прибавена корист за сторителот или за друг или нанесување на штета на трето лице. Следствено, не се бара посебна намера на сторителот во врска со извршувањето на ова кривично дело. Последица на кривичното дело е штета нанесена на друго лице или некаква имотна корист. Имотна корист е секое зголемување на својот или на друг имот.[48]

Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорувањето на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со завтор од шест месеци до три години. Доколку сторителот прибавил поголема имотна корист или ќе предизвика поголема имотна штета или потешко ќе ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.[49]

Во Република Македонија, бројни се примерите каде што нотарите во вршење на својата дејност го сториле ова кривично дело, па затоа во текстот што следува ќе бидат наведени неколку примери каде што како сторители на ова кривично дело се јавиле токму нотарите во вршењето на својата дејност.

Пресуда бр.1

Основниот суд НН, како првостепен кривичен суд, преку судијата НН со записничар НН, решавајќи по обвинителниот предлог на ОЈО, град НН, бр. НН од 15. 05. 2022 година, против обвинетите Н од Н, за кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување по член 351, став 2 во врска со став 1 од Кривичниот закон и НН

[48] Кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување, д-р Тодор Витларов, 1.03 Кратка научна статија, УДК 341.231.14.340.13 (4:497.7)
[49] Кривичен законик, Член 353, став 1 и 2.

од НН за кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување по член 353, став 2 во врска со став 1 и во врска со член 24 од Кривичниот закон по одржаната главна и јавна расправа и изведените докази, со пресуда се огласени за виновни нотарот кој се товари за повреда на службената положба и овластување и друго лице кое се јавува како соучесник во извршувањето на кривичното дело.

Имено, судот донел пресуда со која ги огласил за виновни нотарот НН, бидејќи во нејзината нотарска канцеларија пристапило некое лице кое лажно се претставило како оштетено лице. Нотарот без да ја легитимира и да го утврди идентитетот, составил полномошно со кое било овластено друго лице во име и за сметка на лицето кое лажно се претставило како продавач да склучи договор за купопродажба на недвижен имот. Првообвинетата странка, нотарот, во овој случај постапил несвесно со тоа што не го утврдил идентитетот на лицето, а била должна тоа да го стори, и заверила специјално полномошно на лице кое имало лична корист од работата, што е спротивно на членот 47 и членот 50 од Законот за нотаријат. Со истото полномошно бил склучен договор за купопродажба помеѓу лицето кое се претставило како оштетен како продавач и друго правно лице како купувач, кој договор подоцна бил солемнизиран (потврдена приватна исправа) кај истиот нотар. Со овој чин, обвинетите отуѓиле имот на вистински оштетено лице нанесувајќи му материјална штета од поголема вредност. Во овој случај нотарот постапил со крајно невнимание и небрежност, а бил должен тоа да го пропушти, поднесен е обвинителен предлог по службена должност од ОЈО против обвинетиот нотар.

Од изведените докази се докажало дека обвинетите ги сториле кривичните дела кои им биле ставени на товар во време, место и начин како што било опишано во обвинението и е предложено судот да ги огласи за виновни за сторените кривични дела и да ги осуди на казни како што пропишува законот.

Врз основа на изведените докази, судот ја утврдил следната фактичка состојба: нотарот, согласно Законот за нотаријат, е овластен идентитетот на учесниците во постапката што се води пред него да го утврдува со посведочување на двајца сведоци. Лице кое пак сведочи пред нотарот согласно член 50 став 1 од Законот за нотаријат, не може да има некоја корист од правната работа при чие склучување сведочи, во спротивно не може да биде сведок.

По завршената главна расправа и изведените докази, судот утврдил дека обвинетиот нотар свесно ја злоупотребил службената положба, донел пресуда со која обвинетиот нотар се огласува за виновен и е осуден на казна затвор од 1 година и шест месеци како главна казна и му е исречена споредна казна - забрана за вршење професија, дејност или должност.

Против одлуката на првостепениот суд, осуденият нотар го искористил редовниот правен лек, жалба против решение до второстепен суд. Апелациониот суд постапувајќи по предметот, со решение ја праиначил првостепената пресуда со тоа што на обвинетиот нотар му ја намалил казната затвор на времетраење од една година и ја укинал споредната казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

Пресуда бр.2

Основен суд како првостепен суд, постапувајќи по обвинителен акт против обвинетите за кривично дело несовесно работење во службата, по одржан главен, јавен и усмен претрес, во присуство на јавен обвинител, обвинетите, бранителите и адвокати ја донел следната одлука:

Имено, обвинетата нотарка, во својство на лице кое врши работи од јавен интерес, постапила несовесно во вршењето на своето посебно овластување и должност, определено со член 26, ст. 1 од Законот за нотаријат, во соучешништво со уште едно лице, вработен референт во Стопанска банка АД Скопје. Обвинетите лица ѝ нанеле значителна штета на банката во износ од 55.760.512,00 (педесет и пет милиони, седумстотини шеесет илјади, петстотини и дванаесет) денари, на начин што при составување на нотарски акт – Договор за залог (хипотека) со својство на извршна исправа, помеѓу Стопанска банка АД – Скопје како заложен доверител и В. Табак АД експорт – импорт како заложен должник, во врска со обезбедување на парично побарување на заложниот доверител кое произлегува од Договор за одобрување на краткорочен кредит за обртни средства, склучен со повеќе Анекс договори. Обвинетата нотарка своите службени дејствија не ги извршила совесно и не ги заштитила интересите на хипотекарниот доверител Стопанска банка АД - Скопје, по што во Нотарскиот акт навела дека до денот и часот на склучување на овој договор, недвижниот имот нема засновано друга хипотека, ниту друг реален товар, лични стварни службености и дека нема други времени ограничувања, иако во имотниот лист било наведено дека во недвижниот имот кој бил предмет на овој нотарски акт, дека е воспоставено заложно право во корист на друг доверител.

Сметам дека обвинетата нотарка во конкретниот случај, со крајно невнимание сторила кривично дело несовесно работење во службата според член 353, став 4, во врска со став 3 и 1 од кривичниот закон.

Пресуда бр.3

Основниот суд во Кочани, како првостепен суд, постапувајќи по обвинителен акт поднесен од ОЈО Делчево против обвинетата за кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување, по одржаната главна, јавна и усна расправа во присуство на јавен

обвинител, обвинетата и нејзин бранител, донесува пресуда со која обвинетата ја прогласува за виновна.

Имено, на главната расправа, ОЈО ги изведува доказите со кои предлага обвинетата да биде огласена за виновна и осудена согласно кривичното дело кое ѝ се става на товар. Обвинетата нотарка во своја одбрана изјавила дека е вработена како нотар и кај неа како странки дошле две лица, и истите донеле сочинет Договор за подарок во писмена форма кој бил заверен од надлежните служби при Општина Делчево. Станува збор за Договор на подарок помеѓу татко и син и воедно истите биле присутни во канцеларијата кај обвинетата нотарка. При солемнизацијата на договорот, обвинетата нотарка бидејќи ја познавала оштетената странка (сопруга на поклонодавачот и мајка на поклонопримачот) чисто информативно прашала дали и таа е запознаена со договорот и во тој случај двете присутни страни потврдиле дека е запознаена. Обвинетата изјавила дека немала никаква умисла да стори некакво кривично дело и тоа ниту директна или евентуална, туку ја испочитувала волјата на странките, договарачи. Била сосема уверена дека брачната другарка на поклонодавачот знаела за овој договор и имала доверба во странките.

Имено, обвинетата како службено лице – нотар кое врши работи од јавен интерес, со неизвршување на својата службена должност од член 27 од Законот за нотарски работи, потешко го повредила правото на сопственост на трето лице, на начин што без да прибави писмена согласност од оштетаната, имајќи ја предвид изјавата дека поклонодавачот е исклучив сопственик без да се увери во тоа, а имајќи предвид дека истата знаела дека поклонодавачот е во брачна заедница со оштетената и извршила солемнизација (потврда) на договорот за подарок на недвижен имот (стан), без да провери дали и другиот брачен другар, т.е. сега оштетената не била заведена како сопственик во имотниот лист. Доколку имотот – станот е стекнат во брак, се јавува како ½ (една половина) идеален дел од станот и да побара писмена согласност како што предвидува Законот за сопственост и други стварни права, каде што е предвидено дека при вршење на работите кои ги надминуваат работите на редовно управување, односно располагање со имотот, потребно е согласност на другиот брачен другар изразено во соодветна форма која се бара за соодветно правно дело. Со оваа потврда, оштетената го изгубила правото на сопственост и со тоа е сторено кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување и со таквите дејствија на

обвинетата нотарка судот при одмерувањето на видот и висината на санкцијата ги има предвид сите отежнителни и олеснителни околности. Како отежнителни ги имаше предвид степенот на кривичната одговорност, јачината на загрозувањето, односно повредата на заштитеното добро, а во конкретниот случај тоа е правниот сообраќај, а како олеснителни ги имаше предвид околностите под кои е сторено кривичното дело, однесувањето на обвинетата по сторувањето на кривичното дело, семејната состојба и врз основа на сето тоа ѝ изрекол алтернативна мерка (условна осуда), со која ѝ се утврдува казна затвор во траење од 6 (шест) месеци, која казна нема да се изврши доколку обвинетата во рок од 1 (една) година по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

Со неизвршувањето на својата службена должност од Законот за нотарски работи, обвинетата нотарка потешко го повредила правото на сопственост на оштетената, на начин што без да прибави писмена согласност од неа, солемнизирала (потврдила) договор на подарок помеѓу сопругот на оштетената како поклонодавач и нејзиниот син како поклонопримач и со овој чин оштетената го изгубила правото на сопственост на ½ (една половина) идеален дел од станот.

Фактичката состојба е утврдена врз основа на изведените писмени и усни докази и тоа изјавите на сведоците, увид во граѓанскиот предмет. Во една ваква ситуација, обвинетата нотарка како службено лице нотар, требало да го види основот по кој бил стекнато правото на сопственост на станот, во смисла дали е наследен со правен акт, договор за дар/купопродажба, и да побара писмена изјава од оштетената.

Пресуда бр. 4

Основниот суд во Штип, како провостепен суд, во совет составен од тројца судии, постапувајќи по обвинителен акт на Основно јавно обвинителство во Штип, против обвинетиот нотар од Штип, за кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од член 354, став 4 во врска со став 1 од КЗ, на одржаниот главен, усмен претрес, во присуство на застапникот на обвинението – јавен обвинител, во присуство на обвинетиот нотар и нејзиниот бранител од Штип, на ден 25. 01. 2011 година ја донесе следната пресуда:

Имено, обвинетиот нотар како лице кое врши работи од јавен интерес, нотар на подрачјето на надлежност на основен суд Штип, ги пречекорил границите на своите службени овластувања на начин што за да прибави корист од правно лице (ДОО) со седиште во Штип, а на штета на средствата на Република Македонија, во износ од 180.000 (сто осумдесет илјади) американски долари по основ на Договор за одобрување на девизен кредит помеѓу Агенцијата за развој и инвестиции на Владата на Република Македонија и погореспоменатото правно лице (ДОО) со седиште во Штип. На ден 22. 10. 2003 година, во својата нотарска канцеларија, составила нотарски акт – Договор за залог на недвижен имот – хипотека (со својство на извршна исправа), со кој договор се воспоставило заложно право – хипотека од прв ред на недвижен имот заведен во Имотен лист бр. 470 со КП бр. 1407/2 за КО Штип 1, и притоа овој недвижен имот го прикажала како имот во сопственост на правното лице, стекнат врз основа на Договор за продажба на недвижност – деловен објект со пренос на правото на трансформација на правото на користење на изградени објекти, солемнизирал од негова страна, без притоа спротивно на член 10 од Законот за договорен залог, да обезбеди доказ за сопственост на недвижниот имот на споменатото правно лице како заложен должник. Со овие дејствија обвинетиот нотар сторил кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 4, во врска со став 3 и став 1 од КЗ и судот со примена на претходно наведените членови и ЗКП обвинетиот нотар го прогласува за виновен и изрекува алтернативна мерка – условна осуда со која се утврдува казна затвор во траење од 1 година и шест месеци која нема да се изврши доколку обвинетата нотарка во рок од 3 години не стори ново кривично дело, а за стореното кривично дело судот ѝ изрекува и парична казна од 100.000 (сто илјади денари), која парична казна да ја плати во корист на буџетот на Република Македонија во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата.

Доколку обвинетиот нотар не ја плати паричната казна во определениот рок или истата не може присилно да се изврши, судот ќе ја изврши на начин што за секој започнати 20 евра во денарска противвредност ќе определи 1 ден затвор.

Согласно член 89 и 92 од ЗКП се задолжува обвинетиот нотар да плати паушал од 3.000 денари (три илјади денари) во полза за буџетот на Република Македонија во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Согласно член 102 став 1 од ЗКП, се задолжува обвинетиот нотар на име на имотно-правно барање на оштетената Агенција за инвестиции и развој на Република Македонија да плати износ од 144.971 (сто четириесет и четири илјади деветстотини седумдесет и еден) американски долари во денарска противвредност согласно средниот курс на Народна банка на Република Македонија во време на плаќањето, а во рок од шест месеци од правосилноста на пресудата.

Пресуда бр.5

Основен суд во Куманово, како првостепен кривичен суд, составен од судија како поединец со записничар, постапувајќи по поднесениот обвинителен предлог на Основното јавно обвинителство во Куманово, против обвинетата нотарка за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување, на одржавата усна, главна и јавна расправа во присуство на јавен обвинител, обвинетиот нотар, неговиот бранител, судот ја донесе следната пресуда:

Имено, на ден 12. 01. 2016 година, обвинетата нотарка, како лице кое врши работи од јавен интерес, со неизвршување на својата службена должност, потешко ги повредила правата и нанела штета на друг, односно на оштетениот на начин што спротивно на член 12, став 1, член 16, став 1, член 16-ѓ, д од Законот за извршување, изготвила решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, издадено од нејзина страна и овозможила решението да стане правосилно и извршно со ставање на клаузула за правосилност и извршност без да биде известен оштетениот за да против ова решение поднесе приговор, поради што на оштетениот му го скратила правото на правен лек, односно приговор против решението за оспорување на парично побарување во износ од 5.600,00 (пет илјади и шестотини) денари, кој поради неизвестувањето го пропуштил рокот со што претрпел штета и потешко му биле повредени правата.

Основното јавно обвинителство до судот поднесе предлог против обвинетиот нотар за кривичко дело Злоупотреба на службената положба и овластување. Во текот на главната расправа, односно од започнување до завршувањето на главната расправа, јавниот обвинител во завршниот збор се откажал од обвинителниот предлог против обвинетиот нотар. Со оглед на тоа што во завршниот збор, јавниот обвинител како овластен тужител се откажал од обвинителниот предлог против обвинетиот нотар, па врз основа на ова, судот со пресуда, согласно член 402, став 3 од ЗКП, го одби обвинението против обвинетиот за наведеното кривично дело.

Во овој случај, нотарот со своето дејствување има елементи дека сторил кривично дело, но тоа не се утврдило, бидејќи на крајот на главната расправа јавниот обвинител се откажува од обвинителниот акт којшто му се ставал на товар на нотарот, и врз основа на дејствието што го преземал јавниот обвинител, судот донел пресуда со којашто нотарот се ослободува од обвинение во овој случај.

13.2. Несовесно работење во службата

Во казненото право, несовесноста како поим отвара бројни проблеми, посебно доколку се земе предвид фактот дека се работи за начело кое во голема мера е исполнето со морална содржина и кое правно гледано, самото по себе е неприменливо.[50]

Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности има обврска и должност да постапува согласно Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори. Следствено, во своето работење службеното лице е должно да ги почитува начелата на законитост, да постапува совесно, стручно без никаков правен интерес.[51]

Објектот на ова дело е општиот интерес за законито и совесно вршење на службената должност, што може да биде повредено со несовесно и негрижливо постапување на службеното лице. Покрај повредата на неговите работни обврски, од таквото постапување можат да резултираат и различни повреди на слободите и правата на граѓаните, а таквото дејствување произлегува од извлекување на некаква корист за службеното лице.

Санкционирано е постапувањето на нотарот кој со повреда на законските прописи за судир на интереси или за совесно постапување при вршењето дискреционо овластување, со пропуштање на должен надзор или на друг начин очигледно несовесно постапува во вршењето на своите овластувања и должности и со тоа ќе извлече за себе или за друг некаква корист или ќе му нанесе штета на друг. Неправото на делото се состои во повреда на стандардите за совесно постапување во вршењето на посебното овластување или должност на нотарот. Несовесното постапување може да се состои во дејствија со кои се повредува некој формален пропис или се злоупотребуваат дискрециониите овластувања на нотарот. Под несовесно работење се подразбира дејствија кои значат неправилно и неетичко вршење на должноста, односно спротивно на нормите на професионалната етика на службените лица за постапување во случаите кога постои сомнение за акти на корупција, конфликт, интереси и друго. Делото несовесно работење

[50] Некои дилеми во врска со кривичното дело ,,Злоупотреба на службена положба и овластување и одговорноста на нотарите'', Правен факултет ,,Јустинијан први'' – Скопје – Институт за казнено право, проф. д-р. Никола Тупанчевски и м-р Драгана Кипријановска, 4. Несовесно работење во службата и одговорноста на нотарот.

[51] https://www.pravdiko.mk/nesovesnoto-vrshene-na-sluzhbata-kako-krivichno-delo/

во службата, самото по себе претставува еден вид бланкетна норма со која на дадена конкретна фактичка состојба се применуваат други општествени принципи на правниот поредок и законските прописи.[52]

Несовесното работење во службата, како кривично дело е имплементирано во нашиот Кривичен законик, кој пропишува казна за службеното лице или одговорното лице во јавно претпријатие или установа кое со повреда на законските прописи за судир на интересите или за совесно постапување при вршењето на дискреционото овластување, со пропуштање на должен надзор или на друг начин, очигледно несовесно постапува во вршењето на своите овластувања и должности и со тоа ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од три месеци до три години. Доколку сторителот прибави поголема имотна корист, предизвикал поголема имотна штета или потешко ги повредил правата на друг ќе се казни од три месеци до пет години.[53] Начинот на извршување на ова дело всушност се сосоти во свесно неправилно вршење на службата, коешто може да се манифестира на различни начини, односно со постапување спротивно на законските прописи за работење во службата, пропуштање на службенички должности. Од самиот опис на делото произлегува дека не секое несовесно вршење на службата претставува кривично дело. Имено, самиот закон утврдува определен степен на несовесност кој мора да биде исполнет за да постои кривична одговорност. Имено, законот бара дејствието на извршување да биде очигледно, односно се казнува она однесување кое според околностите може да се смета за очигледно несовесно постапување на службеното лице.[54] Покрај дејствието на извршување, за постоење на ова дело потребно е да настапи определена последица која се состои во прибавување како за себе така и за друг некаква корист или нанесување штета. На пример, при утврдувањето на идентитетот на странките кога нотарот нема да изврши увид во документите за идентификација или не ги утврди податоците при составување нотарска исправа и со тоа ќе извлече за себе или за друг некаква корист или ќе му нанесе штета на друг. Како и при секоја дејност, така и во рамките на нотарското работење можат да се појават одредени

[52] Некои дилеми во врска со кривичното дело „Злоупотреба на службена положба и овластување и одговорноста на нотарите“, Правен факултет „Јустинијан први“ – Скопје – Институт за казнено право, проф. д-р. Никола Тупанчевски и м-р Драгана Кипријановска, 4. Несовесно работење во службата и одговорноста на нотарот.
[53] Кривичен законик на РМ, член 354.
[54] http://ustavensud.mk/?p=9493

неправилности. Доколку се докаже дека повредата на правото е направена со цел да се извлече за себе или за друг некаква корист или на друг да му се нанесе штета со намера или со очигледно несовесно постапување на своите овластувања, тогаш нотарот се јавува како извршител на казнено дело - несовесно работење во службата.[55]

Пресуда бр. 1

[55] Некои дилеми во врска со кривичното дело „Злоупотреба на службена положба и овластување и одговорноста на нотарите“, Правен факултет „Јустинијан први“ – Скопје – Институт за казнено право, проф. д-р. Никола Тупанчевски и м-р Драгана Кипријановска, 4. Несовесно работење во службата и одговорноста на нотарот.

Основен суд Велес, како првостепен кривичен суд, одлучувајќи по кривичен предмет врз основа на Обвинителен акт на ОЈО Велес, против обвинетото лице нотар, донесе пресуда со која обвинетите ги прогласува за виновни.

ОЈО до Основен суд Велес, поднесе Обвинителен акт против обвинетиот нотар и уште две лица (во понатамошниот текст второобвинет и третообвинет) поради постоење на основано сомневање дека сториле кривично дело Несовесно работење во службата, во кој се бара обвинетите да се прогласат за виновни за кривичните дела што им се стават на товар и да им се изрече соодветна кривична санкција според Кривичниот законик.

Постапувајќи во согласност со соодветните одредби на Законот за кривична постапка, судот одржал главен, јавен и усен претрес. Во текот на главниот претрес ОЈО преку Јавниот обвинител на ОЈО, два пати извршил прецизирање на обвинението против обвинетите како во однос на описот на дејствието на извршување на кривичните дела кои им се стават на товар на обвинетите, така и во однос на правната квалификација на кривичните дела кои на обвинетите им се стават на товар.

Имено, обвинетиот нотар во својство на лице кое врши работи од јавен интерес, со очигледно несовесно постапување во вршењето на своите должности за себе прибавила имотна корист, а за друг за второобвинет и третообвинетиот во овој предмет, прибавила некаква корист на начин што спротивно на одредбите на законите составила ѝ заверила со нејзин потпис и печат Договор за заем на парични средства во износ од 40.000 (четириесет илјади) евра, склучен помеѓу третообвинетиот како заемодавач и второобвинетиот како заемопримал и на основа на истиот Договор за заем на парични средства, истиот ден заверила Договор за залог – хипотека со нотарски акт, склучен помеѓу второобвинетиот како заложен должник и третообвинетиот како заложен доверител на основа кој договор истиот ден е запишана хипотека како обезбедување на парично побарување од 40.000 (четириесет илјади) евра во корист на третообвинетиот во Агенција за катастар на недвижности. Неопходно е да се напише дека обвинетиот нотар го заверил Договорот за заем без доказ за извршена банкарска трансакција (налог за пренос на парични средства), или заверен писмен доказ за извршена трансакција на парични средства во вкупен износ од 40.000 (четириесет илјади) евра. Второобвинетиот и третообвинетиот со умисла ја поттикнале да ги изврши правните дејствија, презентирајќи ѝ го фактот дека поседуваат

писмен доказ за извршена банкарска трансакција за позајмените парични средства и дека истиот дополнително ќе ѝ го приложат, со што обвинетиот нотар во овој случај, на противправен начин за себе прибавила имотна корист во севкупен износ од 9.700 (девет илјади и седумстотини) денари.

Во текот на главниот претрес, врз основа на доказите и сослушување на странките, судот ја утврди фактичката состојба и на обвинетата нотарка ѝ утврдува казна затвор во траење од 6 (шест) месеци и алтернативна мерка (условна осуда), со тоа што казната затвор во траење од 6 (шест) месеци нема да се извршува доколку осудениот нотар во времето од 1 (една) година и 6 (шест месеци) нема да стори ново кривично дело.

13.3. Измама во службата

Измамата е кривично дело против имотот, имотните права и интереси. Суштествениот елемент на ова дело е имотната сфера во оштетувањето на друг и измамувањето, односно доведувањето друг во заблуда. Сторителот доведува друго лице во заблуда и истото го наведува тоа да си наштети себе си или да предизвика штета на трето лице. Суштествен елемент е тоа што измамата се разликува со другите кривични дела бидејќи сторителот не го одзема имотот на жртвата, не го присвојува ниту оштетува, туку ја наведува тоа да го врши самата жртва доведена во заблуда од страна на сторителот.

Дејствие на извршување

Дејствието на извршување го врши сторителот со прикажување или прикривање на одредени факти. Значи, сторителот изнесува факт за нешто што не е вистинито, нешто што не постои или прикрива нешто што постои со намера за прибавување на противправна имотна корист за себе или за друго лице и доведување во заблуда на жртвата или на друго лице. Доведувањето во заблуда како поим, ги опфаќа случаите на намерно искористување на неспособноста или неукоста на личноста да формира правилна претстава за определени факти или за состојбата што може да биде предизвикана врз основ на измамата. Со самото дејствие, сторителот ја доведува во заблуда жртвата со тоа што ѝ создава погрешна перцепција за фактичката состојба.

Измама во службата е дело што го врши службеното лице коешто во вршењето на службата со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со поднесување лажни сметки или на друг начин доведе во заблуда овластено лице да изврши незаконита исплата. Потежок облик постои ако е прибавена поголема имотна корист. [56]

Пресуда бр.1

[56] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски стр 521, Кривичен законик на РМ член 355.

Основен суд Гостивар, како првостепен кривичен суд, решавајќи по кривичниот предмет против обвинетиот нотар, обивинет по супсидијарен обвинителен акт поднесен од приватен тужител преку негов полномошник адвокат од Скопје, со уредно полномошно, во присуство на обвинетиот нотар, ја донесува следната пресуда:

Обвинетиот нотар на кого со закон му се пренесени јавни овластувања, искористувајќи ја својата службена положба и овластување, а и со несовесно постапување во вршењето на своите овластувања и должности, со пречекорување на границите на своите овластувања и незаконито постапување, прибавил имотна корист за друг, односно за две лица, а на оштетениот (приватен тужител во оваа простапка) му нанел имотна штета, на ден 25. 08. 2011 година составувајќи два нотарски акти со кои извршил пренос на правото на сопственост на истиот имот (оштетениот) на две различни лица, односно лицата кои се стекнале со имотна корист, така што со нотарскиот акт го пренел правото на сопственост од оштетениот, односно недвижниот имот и тоа стан на втор кат со површина од 64.26 м2, и деловен простор на втор кат со површина од 106,09 м2, а со другиот нотарски акт го пренел правото на сопственост на недвижниот имот и тоа станот на вториот кат со површина од 64.26 м2 и 20 м2 од истиот деловен простор на вториот кат, кој бил со вкупна површина од 106 м2 на второто лице кое се има стекнато со имотна корист, без притоа да обезбеди доказ за сопственост – Имотен лист на име на оштетениот при што доведувајќи го во заблуда оштетениот, со склучените нотарски акти му нанел штета во значитечен однос.

Со овие дејствија, обвинетиот нотар сторил кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување и кривично дело Несовесно работење во службата.

Постои случај каде што нотар во вршењето на својата службена должност и овластување, намерно за себе да прибави имотна корист, довел во заблуда неуко лице, односно му причинил имотна штета.

Имено, во нотарската канцеларија каде што нотарот имал подрачно седиште, пристапило едно лице на кое му биле потребни пари во висина од 20.000 (дваесет илјади) евра. Кредиторот го одобрил кредитот и побарал воспоставување залог на недвижен имот. Истото лице (кредитобарателот) немал имот на свое име, и побарал од нотарот да состави

договор за залог на недвижен имот – хипотека, во кој како заложен должник ќе се јави неговиот дедо, бидејќи имал имот во своја сопственост, а бил неук, со завршено осмо одделение.

На денот на потпишувањето на актот на заложниот должник не му била објаснета фактичката состојба, односно дека го заложува неговиот имот, и со тоа нотарот сторил противправно дејствие имама, бидејќи со нотарскиот акт го довел свесно во заблуда заложниот должник, со намера за себе да се стекне со имотна корист.

Нотарот во овој случај сторил кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување и измама, со тоа што имал законска обврска да го прочита актот на денот на потпишувањето и да му објасни на заложниот должник за правните дејствија и последици што ги презема со потпишувањето на актот. Субјективното дејствие на делото е умислено, бидејќи нотарот ја знаел целата фактичка состојба, и свесно ја доведува во заблуда жртвата со тоа што ѝ создава погрешна перцепција за фактичката состојба.[57]

13.4. Неовластено откривање тајна

Дејствијата што ги презема нотарот во вршење на својата функција создава можност со нивното преземање да стори казнено дело.

Деловна тајна е збир на податоци и информации коишто имаат економска вредност, не се познати, не се дознаваат и утврдуваат лесно од страна на трети лица, а се посебно значајни за оние кои ги поседуваат. Затоа, деловниот субјект кој е сопственик на доверливите податоци и информации, презема мерки за истите да ги заштити и чува во тајност затоа што е важно тие да претставуваат тајна и да не се јавно познати.

Интимна сфера на човекот е правото на приватност, како и интересот за непречено вршење определени професии. Вршењето на определни професии, како што се нотарската, адвокатската, лекарската, претпоставуваат постоење однос на полна доберба со корисниците на услугите.

[57] За овој случај не е поднесена приватна тужба против нотарот.

Дејствието на извршување се состои во откривањето тајна, односно секое дејствие со кое се овозможува определни факти, коишто претставуваат тајна за едно лице, да допрат до трето.

Нотарот во вршењето на својата дејност, како и лицата вработени кај нотарот, се должни да ја чуваат како класифицирана информација сѐ она што го сознале при вршењето на нотарската служба и во врска со преземените нотарски службени дејствија, освен ако со закон или од волјата на странката не произлегува нешто друго, со исклучок на надлежни државни органи пред кои се води судска или управна постапка, согласно одредбите на законот кој ја уредува постапката.[58]

Делото неовластено откривање тајна е санкционирана должноста на нотарот трајно да го чува сѐ она што е од личен карактер и што го создал при вршењето на нотарските работи. Суштински елемент кај ова кривично дело е тоа што деловната тајна што ја дознал нотарот треба да биде сознаена во вршењето на професијата, а не надвор од неа. Имено, како тајна не може да претставуваат податоци што се секому достапни во јавноста, туку тоа да претставува факт, односно состојба или нешто карактеристично од личната сфера, семејниот или приватниот живот на едно лице.[59] Исто така, треба да се истакне дека нема кривична одговорност на нотарот доколку клиентот се согласил тајната да биде откриена. Следствено, не се казнува пријавувањето од страна на нотарот на казнено дело до кое дошол до сознание составувајќи нотарски акт или преземајќи друго дејствие, затоа што интересот за откривање и гонење на сторителите на казнени дела е општ интерес кој е попретежен од интересот за чување тајна. Како пример можеме да го наведеме случајот кога нотар при заверка на преводи на медициски документ ќе дојде до сознание дека неговиот клиент е болен од ХИВ-сида, па тоа ќе му го соопшти на неговиот брачен другар, и овде нема одговорност бидејќи интересот за заштита на здравјето на тоа лице е побитен од интересот за чување тајна.[60]

[58] Закон за Нотаријатот, член 33
[59] Казнено право, Владо Камбовски, посебен дел, Скопје 2003 година, стр. 131,132.
[60] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2015/12/notari-1.pdf, стр 10.

За одговорност на нотарот е потребна умисла. Нотарот може да биде казнет со парична казна или со затвор до една година, а гонењето се презема по приватна тужба од оштетената страна.

13.5. Примање на поткуп

Поткупот е еден од најчестите и најопасните кривични дела, кој е доста опфатен во сите сфери од општественото живеење. Борбата со корупцијата во меѓународни рамки е доста актуелна од причина што самата корупција со своите појави и облици претставува голема пречка во остварувањето на основните начела, а тоа е владеење на правото и правната држава.[61] Митото најчесто се дава за обезбедување на некоја корист или пропуштање на извршување законски дејствија или пропуштање.

Корупцијата или поткупувањето, во најопшта смисла, се дефинира како злоупотреба и искористување на јавната функција за остварување на лична корист. Во казнено-правна смисла, овој поим ги опфаќа делата на поткупување (пасивно и активно) и противзаконито посредување и сето ова е за прибавување на имотна корист. Корупцијата во сите нејзини форми од крупната – организиран криминал и злоупотреба на власта, до обичната корупција, претставува посериозен проблем на современото општество. Овој вид кривично дело ги опфаќа сите земји, почнувајќи од најразвиените, помалку развиените и земјите во транзиција. Нашата држава, за жал, не е имуна на овој проблем и се соочува со голем бран на корупција, што ги зафаќа сите делови на општеството, започнувајќи од вршењето на власта, јавните функции и општествените дејности. Корумпираноста и криминализацијата на власта ги блокира процесите на изградба на демократска, граѓанска и правна држава до тој степен што се поставува прашањето дали корупцијата може да се сузбива со примена на казнените мерки и превентивно да влијае врз секој граѓанин.[62] Само со развивање на комплетно антикорупциско законодавство, со примена на ефикасни и превентивни, котролни и репресивни механизми во повеќе сфери на општеството, може да се созбие борбата против организираниот криминал и корупција. Во борбата портив

[61] https://www.pravdiko.mk/posleditsi-od-davane-i-primane-potkup/
[62] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, четврто дополнително издание, Скопје 2003 година, стр. 508.

организираниот криминал, нашата земја во 2002 година усвои посебен Закон за спречување на корупцијата, во кој се предвидени превентивни мерки за спречување на корупцијата во областа на политиката, вршењето на власта и јавните овластувања, конфликтот на интереси и дејноста на правните лица. [63]

Поткупот е типично коруптивно кривично дело кое во Кривичниот законик на Република Македонија се јавува во два облици, и тоа како примање и како давање на поткуп. Прифаќањето на поткупот претставува најголема општествена опасност кој ги нарушува интересите на јавниот сервис. Овој облик на кривично дело е едно од најопасните криминални манифестации кое го дискредитира и поткопува современото општество во кое живееме.[64]

Делото се состои во барање или примање од страна на службено лице на подарок, или некаква друга корист или примање на ветување на подарок или на некаква корист за да сторителот во рамките на своето службено овластување да изврши службено дејствие што не би смеел да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши. Дејствието на извршување е барање подарок или друга корист, или примање подарок или друга корист, или пак, ветување подарок или друга корист. Инцијативата доаѓа од службеното лице ако другата страна ја прифати иницијативата и даде подарок или ветување и за тоа ќе одговара исто како извршителот на делото давање поткуп.

Примањето подарок или друга корист значи прифаќање на стореният подарок или друга корист, додека примањето на ветување се состои во изразено согласување да биде прифатен подарокот или друга корист во иднина како проивнадомест за извршена услуга.

Објект на дејствие

Објект на дејствието е подарок или корист. Подарокот е секое предавање на сторителот на имотна вредност било тоа да се пари или недвижности, другата корист може да биде од материјална природа, на пример: вршење некоја услуга без надомест или

[63] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, стр. 509.
[64] Криминалистика, проф. д-р Васко Стамевски, авторизирани предавања, стр. 129.

пак да биде од нематеријална природа, на пример: добивање некоја награда или унапредување. За да постојат елементи на ова кривично дело, треба да напоменеме дека не е битна вредноста на подарокот, со исклучот на предмети или услуги од помало значење. Барањето или промањето подарок или услуга, се врши заради извршување службено дејствие. Делото е направено со самото барање или примање подарок или друга корист, без разлика дали дополнително е извршено службеното дејствие од страна на сторителот. Станува збор за службено дејствие што влегува во ракмите на службените овластувања на сторителот. Правото поткупување се однесува на извршување службено дејствие што сторителот не би смеел да го изврши или неизвршување службено дејствие што морал да го изврши.

Дејствие на извршување

Дејствието на извршување е давање или ветување подарок или корист или посредување при активното поткупување. Дејствието се состои во нудење подарок или ветување на службеното лице дека ќе добие подарок или некаква друга корист. Делото е сторено со самото давање или ветување, без разлика дали службеното лице ја прифатило или одбило понудата. Делото го врши тој што на службеното лице ќе му даде или ќе му вети подарок или некоја друга корист во рамките на своето службено овластување да изврши службено дејствие што би морало да го изврши, или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или тој што посредува при ваквото поткупување на службеното лице.[65]

а) Давање поткуп

За кривичното дело давање поткуп ќе одговара тој што директно или индиректно на службеното лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши во рамките на своето овластување службено дејствие, што не би смеело да го изврши или да не го изврши службеното дејствие што би морало да го изврши. Иста одговорност има и лицето кое посредува во давањето на поткупот. Делото е извршено со самото давање или ветување на подарокот, без разлика дали службеното лице го примили или не. Самото давање на поткуп претставува поттикнување и наведување на

[65] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, стр. 514.

службеното лице да врши незаконски дејствија спротивно на неговото службено овластување. Давањето поткуп стои во вуштински нераскинлива врска со пасивното поткупување на поткуп. Давањето поткуп е активно корумпирање, поттикнување, наведување на службеното лице на незаконита постапка. Активното поткупување се состои од давање или ветување подарок или некоја корист на службеното лице за во рамките на своето службено овластување да изврши службено дејствие што не би смеел да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морал да го изврши.

б) Примање поткуп

Кривичното дело примање поткуп настанува кога службеното лице директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист за себе или за друг, во рамките на своето службено овластување ќе изврши дејствие што не би смеело да се изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши.

Пример 1: Лице давател на поткуп (во понатамошникот текст управител) непосредно, со предавање одредена сума на пари како поткуп (мито) на нотар, кој од нотарот побарал да состави потврдена приватна исправа (солемнизација), Договор за купопродажба на недвижен имот, помеѓу физичко лице како продавач и правно лице (ДОО) како купувач, застапувано од управителот на истото правно лице, без да обезбеди соодветна документација, односно одлука од соодветен орган на друштвото или полномошно од содружниците. Имено, еден од содружниците бил надвор од државата и не обезбедил полномошно за преземање дејствија во негово име и за негова сметка за биде застапуван од трето лице и истиот не бил известен за преземањето на ваквото правно дејствие од управителот. Давателот на поткуп му потврдил на нотарот дека имал усмено одобрение за преземање дејствија од страна на содружникот. Нотарот одбил да го солемнизира (потврди) договорот за купопродажба, со образложение дека купувачот не ја обезбедил соодветната документација, а воедно побарал од управителот другиот содружник да состави полномошно во државата каде што се наоѓа и истото да биде заверено и соодветно да му биде доставено. Управителот со објаснување дека таа процедура била бавна и скапа, во истиот момент му ветил на нотарот доколку до утре биде изготвена солемнизацијата (потврдата) на Договорот за купопродажба и биде

спроведен во Агенцијата за катастар на недвижности за промена на сопственоста, ќе го награди со парична сума во висина од 2.000 (две илјади) евра.

Начинот на извршување на поткуп зависи од видот на службените дејствија, статусот на лицето кое го прима поткупот и неговите службени овластувања, место на извршување, предметот на поткупот, целта за што се дава поткупот итн.

в) Начини на дознавање

Начинот на извршување на овој тип на кривично дело бара добро организирана и стручна оперативна работа на полицијата, со цел да се добијат релевантни информации кои би овозможиле непречено планирање и извршување на понатамошниот тек на криминалистичката обработка. Полицијата е должна преку оперативните тактички мерки и дејствија, да собира докази за постоење и докажување на ова кривично дело. Поткупот како кривично дело е едно од најсложените кривични дела за разјаснување и докажување бидејќи се извршува во отсуство на седоци и утврдувањето на фактите кај поткупот се усложнува бидејќи не остануваат траги од незаконски дејствија, па така на надлежните органи и е потешко да дојдат до почетното сознание дали има траги на кривично дело и доволно докзи да поднесат кривична пријава против некое лице за примање и давање поткуп. Како битни факти и облици на ова кривично дело треба да се утврдат следните облици: облик на подмитување, времето, местото, начинот на подмитување, барањето на поткуп, кои лица учествувале во моментот на извршување, кои се придобивќите од извршувањето. Материјалните докази кои ги истражува полицијата можат да бидат разновидни, и зависат од обликот на подмитувањето и начинот на неговото извршување. Како што беше претходно наведено, ова кривично дело е едно од посложените за обезбедување на докази, бидејќи лицата кои го извршуваат се заинтересирани и имаат одредена корист, свесни за одговорноста ги преземаат сите мерки за прикривање на трагите на нивните криминални активности.

Откако полицијата ќе добие сознание за сторено кривично дело поткуп, ги спроведува следните истражни дејствија за собирање докази на постоење на ова дело, откривање на сторителите, како и нивно казнување.

Како прво истражно дејствие најчесто се спроведува: испитување на сведоци, претрес на местото на учесниците, увид во документацијата, распит на осомничените лица како и одземање на предметите за нивно препознавање. Следствено, полицијата ги презема следните истражни мерки: испитување на пријавителот, притворање на осомничените, претрес на домот или работното место на осомничените, личен претрес на осомничените и нивен распит, увид на предметите на поткуп и местото на извршување на кривичниот настан, испрашување на сведоци итн. Со спроведените истражни дејствија од страна на полицијата, доколку се утврдат доволен број докази кој укажуваат дека осомничените лица се сторители на кривичното дело, полицијата поднесува кривична пријава, а постапката ја води јавен обвинител, со цел да се докаже вината на осомничените лица пред суд и нивно казнување.[66]

Македонската судска практика, врз основа на податоци како дел од нотарските деликти, ги познава кривичните дела: Оштетување туѓи права, Изнуда, Лихварство, Измама, Фалсификување хартии од вредност, Повреда на правото од пријавен или заштитен пронајдок и топографија на интегрални кола, Фалсификување исправа, Непријавување кривично дело или сторител, Помагање на сторител по извршено кривично дело, Поднесување лажни доказаи, Давање лажен исказ, Спречување на докажување, Фалсификување исправа, Употреба на невистинита содржина.

Од овие изведени кривични дела, каде како сторители се јавуваат нотарите, феноменологијата на нотарските инкриминации се сведува на различни кривични дела, каде што доминантен карактер има кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување.

Обемот, застапеноста и динамиката на секој облик на криминалитет, а во тој контекст и на противправните поведенија поврзани со вршењето на нотарската дејност, во период од осум години (периодот од 2007 година кога е донесен Законот за нотаријатот, до јуни 2014 година) на територијата на Република Македонија се донесени три правосилни пресуди. Од нив, две пресуди се на подрачјето на град Скопје и една на подрачјето на град Штип. Од овие пресуди, две се за Злоупотреба на службена положба и

[66] Криминалистика, проф. д-р Васко Стамевски, авторизирани предавања, стр. 131,132,133.

овластување) и една за Несовесно работење во службата. На две од нив е изречена алтернативна мерка условна осуда, а со третата е изречена парична казна. Во една од пресудите со изречена алтернативна мерка Условна осуда е утврдена казна затвор во траење од 6 месеци, која нема да биде извршена доколку обвинетите лица во временскиот период од една година не сторат ново кривично дело а во другата пресуда со изречената алтернативна мерка, покрај условната осуда, утврдена е казна затвор во траење од една година и шест месеци. Пресудата, со која е изречена парична казна, нејзиниот износ е 10 дневни глоби, сметано по 10 евра за дневна глоба или вкупно 6.150,00 (шест илјади сто педесет) денари.[67]

[67] Кривични дела сторени од нотари, Анализа на судската и обвинителска пракса, 20.02.2015 година, https://akademik.mk/krivichni-dela-storeni-od-notari-analiza-na-sudskata-i-obvinitelskata-praksa/

13.6. Перење пари

Накратко, ова дело спаѓа во делата против јавните финансии, платниот промет и стопанството, и претставува најдинамичен дел од казненото право.

Перењето пари е глобален феномен со кој се соочува секоја пазарна економија. Перењето пари можеме да го дефинираме како постапка за прикривање на постоење, илегалност на изворите и употреба на приходите кои се резултат на криминална активност. Карактеристично за ова кривично дело е неисполнувањето на граѓанската должност, одбегнувањето на плаќање данок кон државата, а со тоа се оштетува нејзиниот буџет и се огранучува функционирањето на институциите на системот.

Перењето пари претставува таков криминалитет кој слободно можеме да кажеме дека е присутен во сите облици на организиран криминал. Активностите на самиот организиран криминал честопати бараат значителен капитал за купување на деловни субјекти кои би послужиле како маска за нелегалните потфати, транспрот и плаќање на корумпирани јавни службеници. Перењето пари овозможува да се се сокрие вистинскиот извор на средства што се стекнати на незаконски и нелегален начин и имотот стекнат со таквите зделки се претвара како да има легално потекло. Карактеристично за процесот перење пари е тоа што овој процес не ги засега деловните субјекти и институциите на системот, туку истиот поседува комплетно влијание врз секојдневниот живот на обичните граѓани, па врз основа на ова, перењето пари може да создаде ширење на девијантните појави во општеството, како потенцијална опасност која може да се појави како резултат на преземање на управувањето со финансиските институции од страна на криминалните групи, во корелација со даночното одбегнување и перењето пари, како нелојална конкуренција помеѓу субјектите коишто прат пари и чесните компании.

Перењето пари е процес преку кој се замаглува вистинското потекло и вистинскиот извор на парите, а како најчести извори се нелегални тргување со дрога, алкохол, цигари, оружје, луѓе, корупција, даночно затајување итн.[68]

[68] Организиран криминал и корупција (скрипта), проф. д-р Олга Кошевалиска, д-р Елена Максимова, стр. 39.

Феноменологија на перење пари

Анализирајќи ги криминолошките карактеристики на појавата, од аспект на феноменолошко разобликување, со цел утврдување на динамиката, појавните облици и останатите карактеристики, процесот перење пари има три фази низ кој поминуваат активностите:

Првата фаза или фаза на пласман (продажба на валканите пари), претставува продажба на готовинските парични средства кои се резултат на криминалните активности. Бидејќи перењето пари во суштина се темели врз готовите средства, тоа подразбира голема сума на пари кои потекнуваат од нелегални активности (продажба на дрога на улица каде плаќањето се врши во готови пари). Овие пари потоа се внесуваат во системот на финансиски институции или во стопанството.

Втората фаза е прикривањето, кое се врши со цел да се одвојат незаконито стекнатите приходи. Оваа фаза се врши по пат на креирање на цел систем на финансиски трансакции коишто имаат за цел да го оневозможат следењето на трагата на сомнителните пари.

Третата, воедно и последна фаза која се нарекува интеграција, односно инвестирање на парите во некаква легална компанија. Имено, интеграцијата на испраните пари во економски текови се постигнува на тој начин што криминалната индивидуа или група ги инвестира во легална економија. Со самото инвестирање се докажува дека парите се стекнати на легален начин.[69] Самиот назив на овој криминалитет доаѓа од работењето на познатиот американски криминалец Ал Капоне, кој приходите добиени од коцкање, проституција, нелегална продажба на алкохол во САД, ги легализирал прикажувајќи ги како добиен приход од автоматските перални за облека. Имено, тој имал претпријатие кое нудело можност на клиентите да ја перат и сушат облеката во специјални машини и врз основа на тоа, нелегално стекнатите профити ги прикажувал како приход добиен со работата на машините. Овде е неопходно да се спомне дека за таквите приходи кој Ал Капоне ги заработувал, тој уредно плаќал данок, по што парите од нелагеални станувале легални.

[69] Организиран криминал и корупција (скрипта), проф. д-р Олга Кошевалиска, д-р Елена Максимова, стр. 40.

Етиолошки карактеристики на перењето пари

Стекнувањето на материјална корист е основниот мотив на лицата кои ги извршуваат незаконските дејствија. Криминалците го извршуваат ова кривично дело, бидејќи имаат голема сума на парични средства стекнати на нелегален начин, а со перењето на пари тие избегнуваат кривично гонење и плаќањето на данок на добивка. Со самиот чин на одбегнување плаќање данок и трансформирање на парите од нелегални во легални, криминалците можат, а во пракса најчесто тоа го прават, да ги искористат легализираните средства и да за започнат сопствен бизнис и да обезбедат негов легитимитет.

Сторителите на еконоско-финансиски криминалитет се разликуваат од сторителите на кривични дела од класичниот криминалитет, бидејќи постојат одредени својства кои ги поседуваат во одреден временски период и се наоѓаат во ситуација да ги извршуваат тие криминални активности. Тие ги познаваат прописите кои ја регулираат областа на нивното професионално работење, криминалната активност ја сведуваат до границите на дозволено однесување, при што ги користат правните празнини, честите измени и дополнувања на законските прописи. Овој криминалитет го вршат лица кои со својата креативност и способност, искористувајќи го својот авторитет, се залагаат своето криминално однесување што подолго да го прикриваат.

Развојот на криминологијата и криминолошката етиологија во делот на откривањето на криминогените фактори, укажуваат на две битни компоненти. Прво, криминалитетот претставува општествена појава условена од многубројни фактори што дејствуваат на општо, посебно или поединечно нивно во дијалектички однос на поврзаност и влијание и дека криминалната политика мора да има теоретска основа која ќе почива врз изучувањата на етиологијата на криминалитетот во насока на нивно отстранување. Второ, целата историја покажува дека и најстрогите казни и најсвирепи мерки, применети непосредно или посредно, не доведуваат до намалување на криминалитет од причина што тие се насочени против личноста на сторителот на кривичното дело кој не е ефинствен фактор за настанување на криминалитетот и не влијаат непосредно на отстранување на факторите што доведуваат до криминалитетот.

Поимот перење пари се појавува во САД, каде тогашните организирани групи, парите заработени со криумчарење, производство и продажба на алкохолни пијалоци, проституција, ги инвестирале во ланци на пералници за облека. Перењето пари во пракса е тешко да се докаже. Перењето пари претставува процес преку кој приходите добиени од криминални активности се преправаат или прекриваат со цел да се сокрие нивното нелегално потекло. Перењето пари влегува во редот на таканаречените нови форми на организиран криминал. Се работи за инфилтрирање на парите или имотната корист стекнати со вршење на казниви дела во легалните бизниси. Тежиштето на ова дело се состои во прикривањето на криминалното потекло на парите, вклучувајќи ги нечистите пари во легалните парични текови. Регуларноста и сигурноста на платниот промет, стопанските и сопственичките односи претпоставуваат дека парите и другите имотни добра што циркулираат во прометот се стекнати на легален начин. Ова дело постои независно од тоа дали сторителот ќе одговара или не, дали за тоа може да се гони итн.. Се казнува самото вклучување на прометот на незаконски стекнат капитал сè додека сторителот ја има кај себе така стекнатата противправна корист и додека не се обиде да ја пушти во промет или продажба. Сузбивањето на организираниот криминал не може да се обезбеди само со казнено-правни забрани. Имено, потребно е комплексен систем на прописи и мерки за нејзино елиминирање и отстранување. Казнено-правните забрани можат да функционираат во еден развиен систем каде што постојат финансиски прописи со кој што се обезбедува контрола на прометот и на паричните текови од типот на обврска за пријавување на финансиски трансакции над определен износ, обврска за пријавување на сомнителни трансакции, да се редуцираат готовинските плаќања итн. Такви одредби содржи Законот за спречување на перење пари. Обидите за разрешување на ваквиот проблем со брз трансфер на нечисти пари, резултираат со донесување на повеќе конвенции, меѓу кои посебно значење има Конвенцијата на ООН за спречување илегална трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции од 1988 година, Конвенцијата на советот на Европа за перење пари, потрга од земање и конфискација на приходи стекнати со криминал од 1990 година, Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година како и директивите на ЕУ за спречување на користење на финансискиот систем со цел за перење пари од 1991 и 2021 година.[70]

[70] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, стр. 365 и 366.

Криминалците што се инволвирани во ова кривично дело, најчесто ги користат финансиските институции, односно банките, кои претставуваат најширок и најраспространет систем и метод за перење пари во светот. Имено, овој метод е најефикасен и најбезбеден бидејќи најдобро е парите да се депонираат на банкарска сметка за следниот ден да се префрлат надвор од земјата по електронски пат на неколку други сметки. Со ова се заобиколуваат проблемите на физичко транспортирање на банкнотите и се овозможува да се менува валутата во друг погоден инструмент или валута. Ова подразбира и заобиколување на законските обврски за пријавување на големи трансфери.

Последиците од овој криминалитет се разорни по целата финансиска состојба во една држава. Имено, станува збор за поткопување на целокупната финансиска стабилност во државата и значат сериозен удар врз монетарната политика. Со тоа придонесуваат во разнебитување на поставената финансиска структура и план, како и во разнишување на довербата на граѓаните во една држава. Последиците можат да бидат толку разорни, што би била потребна неколкугодишна работа во поглед на нивна санација. Овој процес подразбира релоцирање на средствата на една во друга област, со што доаѓа до неквалитетно и недоволно покривање. Секој удар по финансискиот столб на едно општество се смета и доживува како најсилен и најсериозен удар по стабилноста на самото општество во целост.[71]

Во Република Македонија, праксата покажала дека перењето пари се врши преку картички, преку кредити од банките или преку хартиите од вредност. Најкарактеристично е перењето на пари преку кредити. Најчесто се врши на тој начин што лицето се појавува пред финансиска институција како кредитобарател, а како обезбедување за одобрување на кредитните средства нуди финансиски средства или друг вид обезбедување како движен и недвижен имот, прибавен на валкан и незаконит начин. Со прифаќање на обезбедувањата од страна на банката, доаѓа до реализирање на делото, на тој начин шо кога нема да се исплати кредитниот долг, се активина залогот од страна на банката, со тоа што

71 https://eprints.ugd.edu.mk/20958/1/Organiziran%20kriminal%20i%20korupcija%20%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BF%D1%82%D0%B0%20%D0%BB%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B0.pdf

кредитобарателот свесно го губи имотот или парите коишто ги ставил во залог, но во исто време доаѓа до стекнување на финансиски средства одобрени во вид на кредит кои се легални.

Делото го врши тој што во банкарското, финансиското или друго стопанско работење ќе пушти во оптек, ќе прими, преземе, замени или раситни пари за кои знае дека се прибавени со незаконит начин, или пак, ќе прикрие дека парите потекнуваат од такви незаконски извори.

Службено лице, одговорно лице во банка, осигурително друштво, што се занимава со приредување игри на среќа, менувачница, берза или друга финансиска институција, адвокат (освен кога постапува како бранител), нотар или друго лице кое врши јавни овластувања или работи од јавен интерес, што ќе овозможи или ќе дозволи трансакција или деловен однос, спротивно на неговата законска должност или ќе изврши трансакција спротивно на забраната изречена од надлежен огран или привремена мерка одредена од суд или нема да го пријави перењето пари, имот или имотна корист, за кое дознало во вршењето на својата функција или должност, ќе се казни со затвор од најмалку пет години. Доколку нотарот, како лице кое врши работи од јавен интерес, кое според закон е овластен субјект за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, кое неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување перење пари, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.[72]

Кривично-правната заштита за ова дело е пропишана во нашиот Кривичен законик. Дејствието на извршување се состои во пуштање во оптек, примање, преземање, замена или раситнување на пари или друг имот што се прибавени со казниво дело или промена, пренос или друг начин на прикривање. Објектот врз кој се врши дејствието се парите коишто се прибавени на нелегален начин, а субјективното битие на делото е умислено, т.е. сторителот треба да знае дека парите се прибавени со казниво дело.

[72] Кривичен законик на РМ, член 273.

Законското битие на ова дело се состои со пуштање во продажба или друг вид на промет предмети, имоти или други добра за кои сторителот знае дека се прибавени со трговија, оружје, наркотични троги или на друг начин прикрива дека потекнуваат од вакви извори. Карактеристично е тоа што дејствието се состои во продажба или промет како подарок, размена, купопродажба итн. Потежок облик на делото е ако сторителот го извршил делото како член на група или друго здружение кое се занимава со перење пари и друга имотна корист.

Перењето пари претставува еден вид на прикривање што се врши со пуштање во оптек, односно промет на специфични предмети кои се прибавени со казниво дело, како на пример: пари, имот, предмети од вредност или други добра. [73]

[73] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, стр. 367.

Улогата на нотарите во спречување на перење пари и нивна кривична одговорност

Посебен карактер има одговорноста на нотарот во случај на перење пари, каде што оваа инкриминација содржи посебен облик на делото, според кој овозможувањето или непријавувањето на перење пари, имот или имотна корист за кое дознал во вршењето на неговата дејност, се третира како самостојно дело на нотарот. Се работи за специјален облик на злоупотреба на службената положба и должност. Овозможувањето претставува преземање на некое дејствие од страна на нотарот кој е непосредно инкриминиран во ова кривично дело, а непријавувањето се состои во пропуштање на пријавување на органите на казнено гонење при сознание дека е сторено дело на перење пари и неговиот сторител. Доволно е нотарот на кој било начин да дошол до сознание дека предмет на правната работа е сторување на кривично дело, па тоа да не го пријави.[74]

Нотарите како субјекти имаат обврска да ги преземаат мерките и дејствијата за откривање и спречување перење пари.[75] Нотарите кои вршат јавни овластувања, согласно закон, се должни да ги применуваат мерките и дејствијата за спречување на перење пари во случаите кога даваат правни услуги за нивните клиенти кои се однесуваат на купопродажби на подвижен или недвижен имот, содружнички удели или акции, тргување и управување со имот, отворање и располагање со банкарски сметки, сефови и други финансиски активности, основање или учество во работењето или управувањето на правни лица.[76] Нотарите се должни да изготват проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам со цел да ги идентификуваат, проценат, разберат и намалат ризиците од перење пари и финансирање на тероризам, земајќи ги во предвид факторите на ризик кои се однесуваат на клиентот, државните и географските продрачја, производите, услугите или трансакциите и каналите на дистрибуција. Следствено, нотарите се должни да спроведат анализа на клиентот кога се воспоставува деловен однос со него или кога се извршува трансакција во износ од 15.000 (петнаесет илјади) евра, без

[74] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2015/12/notari-1.pdf
[75] Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, (Сл. весник на РМ, бр. 120 од 29.06.2018 година) бр. 08-4006/1, 26.06.2018 година Скопје, член 5.
[76] Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, член 7, став 1 и 2.

оглед дали трансакцијата се извршува како една или како повеќе операции кои се меѓусебно поврзани.[77]

Нотарите се должни да направат анализа на клиентите со кои соработуваат, односно нивна идентификација и протврдување на идентитетот, со поднесување на оригинален и важечки документ, идентификација на ополномоштеното лице или потврдување на идентитетот на вистинскиот сопственик.

Нотарите како лица кои вршат јавно овластување, кривично се одговорни како соучесници во ова кривично дело, доколку го овозможи или нема да го пријават перењето пари, имот или имотна корист за кое дознале во вршењето на својата функција и должност. Тие се должни собраните податоци за составени нотарски акти, потврдени приватни исправи и заверени потписи на договори со кои се стекнува имот во вредност од 15.000 (петнаесет илјади) евра или повеќе, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот кога се составени нотарските акти, потврдените приватни исправи и заверени потписи, наведени во договорот да ги достават до Управата за финансиско разознавање до крајот на денот во електронска форма.[78] Исто така, тие се должни собраните податоци, информации и документи да ги достават до Управата кога се сомневаат или имаат основ за сомневање дека било или е извршено перење пари или финансирање тероризам, или е направен обид за истото без оглед на износот на трансакцијата, доколку имотот е принос од казниво дело или е поврзан со финансирање на терористички акт, организација или терорист или лице кое финансира тероризам. Ваквите основи на сомневања, нотарот ги утврдува врз основа на непосредни сознанија, индикатори за препознавање сомнителни трансакции, и други релативни информации.[79]

Проблемот со кривичното дело перење пари е особено сериозен, бидејќи повеќе криминални однесувања со кои се нанесуваат огромни штети на општествените имоти и добра многу тешко се откриваат, а нивните сторители се потешко се подведуваат на кривично гонење. Тешкотијата во откривањето може да се бара и во одредени политички

[77] Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, член 12.
[78] Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, член 53, став 1.
[79] Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, член 54, став 1 и член 55, став 1.

влијанија во времето на извршување на кривичните дела, бидејќи сторителите се поставени на одговорни места како политички лица и на одреден начин се заштитени од кривично гонење. Главен фактор на сето ова е бавното донесување или воопшто недонесувањето на соодветни законски прописи врз основа на кои би се утврдило потеклото на имотот и начинот на стекнување на богатствата во државата. Друг помалку битен фактор се истакнува и стравот кај надлежните институции кои се задолжени за спроведување на такви контроли, а тука е и стравот од реваншизам.

13.7. Прикривање данок

Историски гледано, развојот на ова кривично дело произлегува од развојот на модерните кривични законодавства кои го регулирале општиот поим даночна евазија.

Во сите современи демоктратски развиени земји, плаќањето данок се смета за општа и јавна правна должност на секој граѓанин. За една демократска и развиена држава да може да ги остварува своите основни задачи при исполнување на обврските кон граѓаните, воспоставува даночен систем кој треба да обезбеди дел од потребните финансиски средства за остварување и реализација на државните обврски и функционирање на самата држава. Плаќањето данок е имплементирано во Уставот на Република Македонија, и секое кршење на овој принцип и избегнувањето на плаќање данок од страна на даночните обврзници предизвикува негативни ефекти кои можат да бидат ризик за економијата и нејзиниот раст и исто така во прашање можат да се доведат спроведувањето на државните функции.

Во теоријата и практиката за означување на одбегнувањето на плаќање на данок, најчесто се користи терминот евазија, што доаѓа од латинскиот збор *evader,* што значи одбегнува. Со овој термин се означуваат сите активности на даночниот обврзник кои водат кон одбегнување или намалување на даночната обврска. Основниот облик на делото се состои од даночна измама и непријавување на факти, односно даночната измама се состои со давање на лажни податоци на приходите на сторителот. Субјективното дејствие на кривичното дело е умислено, бидејќи не може затајувањето на данок да се изврши без знаење на одговорното лице.

Во сите политични системи се јавува отпор кон плаќањето на јавните приходи. Граѓаните треба да сфатат дека плаќањето данок е основна нивна обврска кон државата за нејзино нормално функционирање и дека даноците се најважната форма на јавен приход. Слободно можеме да наведеме дека нашата држава се соочува со проблем на даночно затајување, перење пари и поради тоа се преземаат соодветни активности со цел зајакнување на капацитетите и соработка на сите надлежни институции, кои служат за спречување и откривање на финансискиот криминал.

Тој што со намера самиот или некој друг да одбегне целосно или делумно плаќање данок, придонес или некоја друга давачка на која е обврзан со закон, дава лажни податоци за своите приходи или за приходите на правното лице, предметите или другите факти од влијание за утврдување на износот на ваквите обврски или тој што со иста намера во случај на задолжителна пријава не пријави приход, односно предмет или друг факт од влијание за утврдување на ваквите обврски, а износот на обврската е од поголема вредност, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години и со парична казна, а доколку износот на обврската е значителен, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години и со парична казна.[80]

Елементи на кривично дело

Основните елементи на ова кривично дело се: објектот на заштитата, начинот на извршување, последиците од извршувањето, облиците на вина, својството на извршителот и пропишаната санкција. Ова кривично дело претставува посебен вид на измама.

Овој вид на кривично дело може да биде извршено во два облика:

а) Давање лажни податоци за своите приходи или за приходите на правното лице, предметите или другите факти;

б) Во случај на задолжителна пријава, непријавување на приход, предмет или друг факт.

Кај првиот облик станува збор за еден вид на даночна измама што се врши со давање невистинити податоци и факти, додека кај вториот облик станува збор за непријавување на факти кои се релевантни за одреден вид на оданочување. Се работи за специфичен вид на облик на кривично дело на еден вид измама. Даночното затајување има своја последица како и секое кривично дело. Ова кривично дело на различни начини остава негативни ефекти и креира штетни последици.

Даночното затајување како кривично дело може да биде извршено од секого. Тоа значи дека кривичното дело може да биде извршено од страна на физичко лице, управител на фирма, сметководител, итн. Во зависност од конкретната ситуација, определени лица

[80] Кривичен законик на РМ, член 279

можат да бидат директни извршители, односно сторители на ова кривично дело, а други лица можат да се јават како помагачи, соучесници, соизвршители, или пак како поттикнувачи.[81]

За да едно лице биде прогласено за виновно за сторено кривично дело – даночно затајување, треба да се докаже фактичката состојба, односно да се докаже дека лицето што должи значитечен данок не го пријавил во даночните пријави, а воедно знаејќи ги своите обврски за плаќање на данок, свесно и намерно се обидел да го избегне данокот.

Република Македонија се соочува со проблемот на даночно затајување и измами и токму поради тоа се преземаат соодветни активности, со цел зајакнување на капацитетите и соработка на сите надлежни институции инволвирани во спречување и откривање на финансискиот криминал. Особена важност има и степенот на даночната свест и процесот на едукација на даночните обврзници, несвесно да не бидал дел од финансискиот криминал. Управата за јавни приходи (УЈП) врши законски надлежности и е надлежна институција за откривање на даночни затајувања, даночни измами и разни начини и шеми на измами. Целта на УЈП е преку контролната функција да се фокусира на најризичната категорија на даночни обврзници – измамници, а исто така и да им помогне на совесните даночни обврзници да не станат дел од измамничките активности.[82]

[81] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2018/12/KRIVICHNOTO-DELO-DANOCHNO-ZATAJUVANE.pdf
[82] https://www.pravdiko.mk/koi-se-najchestite-danochni-izmami/

Резиме

Со последните измени, нотарите како даночни обврзници, подлежат на поголема контрола од страна на Министерството за правда и Нотарската комора, бидејќи имаат законска обврска секое преземено дејствие во текот на работниот ден да го внесат во електронскиот систем „Нотариус“, за коешто Нотарската комора е надлежна да врши контрола врз работите коишто нотарите ги преземаат. Со овие измени, ефикасноста во работењето на нотарите, од аспект на пријавувањето и плаќањето на данок, е доведено до највисоко ниво, бидејќи со редовните контроли од надлежните органи, работата на нотарите можеме да кажеме дека е драстично намалена.

13.8. Фалсификување исправа

Исправа е секој предмет што е подобен или одреден да служи како доказ за некој факт што има вредност за правните односи. Тоа е каков било предмет што содржи регистрација на некаков факт од значење за правните односи, односно служи како извор на сознание за постоење на правно релевантни факти. Правно релевантни факти се факти на кои правото надоврзува определени последици во вид на настанок, промена или престан на правни односи.

Фалсификувањето исправи, како недозволиво и казниво дело насочено против сигурноста на правниот поредок, е регистрирано во сите досегашни општествено-економски форми на живеење. Современата технологија и нејзините придобивки во современото живеење му даваат нови димензии на овој вид криминалитет. Нотарите како повереници на судовите, чија дејност е од јавен интерес, треба да бидат инволвирани во борбата против криминалитетот како општествено зло. Правниот сообраќај е во директна корелација со вистинитоста на исправите и затоа сите општествено организирани форми на живеење го санкционираат пуштањето на фалсификувани исправи и самото правење, односно преправање на исправите.[83]

Сигурноста на правниот сообраќај може сериозно да биде да биде загрозена со појавата на лажни или преправени исправи како и со нивна употреба.

Правниот сообраќај претставува промет на правни акти со кој се уредуваат правните односи помеѓу учесниците, односно започнување, менување или престанување на правните односи. Заради сигурност на правниот сообраќај, државните власти преку правниот поредок обезбедуваат доверба и ги штитат вистинитоста, автентичноста и потеклото на исправите со кои се регулираат правните факти од што настануваат одредени права и обврски на учесниците во правниот однос.

[83] Фалсификување исправи, Душко Стојановски, Скопје, јуни 2005 година, Предговор.

Фалсификувањето на исправи негативно влијае во развојот на правниот промет, бидејќи ја загрозува сигурноста на правниот поредок на една држава, па затоа законодавецот ја санкционира употребата на фалсификуваните исправи. [84]

Живееме во време кога секојдневно настануваат определен број правни односи помеѓу физичките, физичко-правните и правните лица. Правниот сообраќај претставува движење на правните акти. Исправите како носители на правно релевантни факти од различна природа и значење, се од огромно значење за правните односи и правниот поредок.[85]

Правните субјекти започнуваат, менуваат или прекинуваат најразлични правни односи, како договори за купопродажба, договори за заем, регулирање на сопственоста на подвижни и недвижни предмети, издавање на различни извори од книги што се водат по основ за закон и друго.

Фалсификувањето на службена исправа се состои во правење службена исправа со невистинита содржина или овозможување на правење таква исправа, како и други дејствија на загрозување на правниот сообраќај, во кои од исклучително значење се службените исправи.

Фалсификувањето на исправа, всушност, е најчестата можност за ова кривично дело, со оглед на овластувањата што ги има нотарот во составувањето, издавањето и потврдувањето (заверката) на исправите во правниот сообраќај како јавна исправа. Ова кривично дело постои кога нотар ќе издаде или направи исправа без полномошно или без заверено полномошно, без овластување од некое лице, кога документите врз основа на кои се составува исправата не се веродостојни, кога при составувањето на исправата не се почитуваат законските услови, или ќе состави нотарски акт (солемнизација) врз основа на полномошно кое не е автентично, односно полномошното не потекнува од лицето што е означено во него како давател на полномошно.[86] Субјективното битие на ова дело, во врска со работните активности на нотарот е умислено, бидејќи нотарот со својот потпис или службен печат им дава на таквите невистинити исправи, книги или списи официјален

[84] Фалсификување исправи, Душко Стојановски, Скопје, јуни 2005 година, Вовед.
[85] Фалсификување исправи, Душко Стојановски, Скопје, јуни 2005 година, Предговор.
[86] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, стр. 553

карактер, го потврдува нивниот службен карактер. Нотарот е должен да ја утврди автентичноста на исправата, или идентитетот на некое лице.[87] Делото го врши тој што ќе направи лажна исправа или ќе преправи вистинска исправа со намера со таквата исправа да добие одредена корист. Како што беше погоре наведено, нотарот при вршењето на своите дејствија, извршување потврда на приватна исправа, составување нотарски акт (солемнизација), договор за реален товар и други дејствија, е должен од лицето коешто бара нотарска услуга, доколку не го познава лично, да го идентификува врз основа на документ за идентификација. Нотарот може да се јави како соучесник во ова кривично дело, со умисла, намера или крајно невнимание, бидејќи со самата заверка или потврда на исправата и дава официјален карактер што подоцна може да се причини штета на трето лице. Соучесништтвото е умислен придонес во делото што го врши нотарот. Нема соучесништтво без извршител на казнено дело. Соучесништтвото е проширување на обемот на законското битие, така што неговата казнивост опфаќа не само она што е непосредно посочено во тоа битие, туку и дејствијата на оној што ги поттикнува или помага во остварувањето на делото.[88] Нотарот е одговорен доколку тој во корелација со едно или повеќе лица, со учество во дејствие на извршување или со друг особен придонес кон извршувањето на делото, заеднички сторат кривично дело, секој од нив ќе се казни со казната што е пропишана за тоа дело.[89]

[87] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, стр. 519, https://www.nkrm.org.mk/dokumenti/notarius/42_135538531.pdf стр. 31

[88] https://eprints.ugd.edu.mk/7574/1/%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BF%D1%82%D0%B0%20%D0%9A%D0%97%20%D1%81.pdf

[89] Кривичен законик на РМ, член 22.

13.9. Лихварство

Појавата на лихварството, во најопшта смисла можеме да го дефинираме како стекнување на несразмерна имотна корист за некаква услуга (најчесто со позајмица на финаниски средства) со искористување на инфериорната позиција на другата договорна страна. Лихварството претставува појава што се коси со основните правила со кои се регулирани имотните односи во пазарната економија, како појава на најгруб облик на профитирање без никаков вложен труд и без почитување на правилата за цената на капиталот. Воедно, со ова кривично дело се загрозуваат кредитните односи што се регулирани со посебни правила. Станува звор за кривично дело кое претставува оштетување, намалување на имот на друг во определени зделки.[90] Основни начела на договорните односи се тие на слободата на договарање, рамноправност на учесниците во облигациониот однос и свесност и чесност. Ништовен договор е договор со кој на некој, користејќи ја состојбата на нужда или тешка материјална состојба на друг, неговото недоволно искуство, лекомисленост и зависност, ќе договори за себе или за некој трет корист која е во очигледна несразмерност со онаа што тој на другиот му ја дал или сторил или се обврзал да му даде или да му стори.[91] Станува збор за договори, кои со оглед на наведените причини во законското решение, претставуваат вид на ништовни договори.

Целта на оваа инкриминација е заштитата на една од страните во договарањето. Интересите на двете договорни страни се насочени кон ист правец а тоа е склучување на договорот. Дејствието на извршување е договарање за себе или за друг несразмерна имотна корист за определана услуга. Она што на договарањето му дава карактер на казнено дело се два елементи: договарање за несразмерна имотна корист и искористувањето на околностите на оштетениот што ја ограничуваат неговата слобода на избор, а со тоа го присилуваат да прифати за него штетен договор.

Во практиката бројни се случаите, особено тие на давање пари или други потрошни продмети на заем, кога лихварскиот договор може да добие форма на нотарски акт или потврдување на приватна исправа. Имено, нотарот е должен да одбие вршење кое е спротивно со Уставот, законот, јавниот ред и мир и моралот. Нотарот може да биде

[90] [90] Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, стр. 343.
[91] Закон за облигационите односи, член 129.

инкриминиран во ова кривично дело, кога со умисла учествува во склучувањето на лихварскиот договор, од аспект на составување нотарски акт или потврдување на приватна исправа. Неговата умисла треба да содржи вест за сите битни обележја на делото лихварство и волја за негово извршување. Во овој случај, нотарот се појавува како соизвршител, а ќе се казни според одредбата на злоупотреба на службена положба и овластување. Тука треба да се спомене дека нотарот треба да биде внимателен при составувањето на нотарските акти, и доколку има сознание, да го одбие склучувањето на нотарскиот акт секогаш кога ќе се посомнева во некоја околност поврзана со лихварството. Тој е должен да ја испита способноста на странките за преземање на работите и да се увери во нивната вистинска и сериозна волја. Во случај на очигледно несовесно постапување на нотарот во однос на сите тие околности, не е исклучена можноста за негова казнена одговорност за делото Несовесно работење во службата. Следствено, не е исклучена одговорноста на нотарот за злоупотреба на службената должност за потврдување на исправа за која тој знае дека по својата природа е лихварски договор, како и за несовесно работење во службата, ако заверувајќи ги потписите, очигледно несовесно се однесува кон таквата содржина на исправата. И во овој случај не е исклучена одговорноста на нотарот ако свесно ја повреди сопствената должност и не се запознае со содржината на исправата. Битно е неговата казнено-правна одговорност да одбие службено дејствие или ако го преземе, да ја преземе и евентуалната казнено-правна одговорност – утврдувањето на субјективната страна.[92]

Овде можеме да спомнеме дека не е исклучена и дисциплинската одговорност на нотарот, доколку од небрежност постапил спротивно на законот, односно преземајќи дејствие или составувајќи нотарски акт или потврдувајќи приватна исправа што има елементи на лихварски договор.

[92] http://nkrm.org.mk/dokumenti/notarius/40_377808665.pdf

14. Заклучок

Можеме да кажеме дека нотаријатот како професија датира уште од Антиката, односно првите облици на оваа професија имаат корени уште во 2.500 години пред новата ера. Тогашниот облик на нотаријатот не бил толку развиен и модернизиран како во денешно време, со оглед на тоа што тогашните „нотари“ имале мал број надлежности и одговорност пред државата и граѓаните. Постепено по првите облици, овој институт, со помош на тогашните правни учители и владетели, се распространува во повеќе држави во Европа. Со развојот на правниот систем, многу држави почнале да го имплементираат овој институт во нивниот правен поредок со цел унапредување на владеењето на правото, правната сигурност, правниот живот и за развој правните институции, во законодавството и правосудниот систем во една држава.

По осамостојувањето на нашата држава, се јавила потреба за радикални реформи на тогашните закони, и е воведена јавна служба за вршење на нотарски работи, со цел задоволување на потребите и правните интереси на субјектите во Република Македонија. Оваа реформа беше направена со цел да го унапреди владеењето на правото и правната сигурност во Република Македонија, како и одговорноста и угледот на институцијата нотар. Со оваа рефорама беше создаден Кодекс за морално и етичко однесување на нотарите во вршењето на својата служба, кои ќе придонесат за унапредување и развој на нотарската служба во интерес на граѓаните и правните субјекти.

Со вршењето на нотарската дејност се вградуваат принципите утврдени во Универзалната декларација на човековите права, Европската конвенција за заштита на човековите права и темелните вредности на Уставот на Република Македонија со цел почитување и унапредување на човековите права и основни слободи. Унапредувањето на човековите права и основни слободни произлегуваат од правните и етички должности на нотарот кои се темелат врз дадената јавна доверба потврдена од граѓаните и другите правни субјекти. Нотаријатот е составен дел од правосудниот систем на државата, вршејќи доверени јавни овластувања со кои на граѓаните и правните субјекти им се обезбедува ефикасно и поедноставно остварување на нивните права во правниот живот.

Нотарската професија се препорачува како начин за унапредување на ефикасноста на правосудството, која можеме да ја сфатиме како дејност која се однесува на спречување и намалување на оптовареноста на судовите.

Со измените на Законот за нотаријат, на нотарите им се дадени повеќе надлежности во вршењето на нивната јавна функција, што 'де факто' подлежат на поголема одговорност пред државата и граѓаните. Во овој магистерски труд, можеме да заклучиме дека нотарите освен дисциплинската одговорност, се и кривично одговорни во вршењето на нивната должност, бидејќи спротивно на Уставот, законите, моралните и етичките вредности постапувале во вршењето на својата работа, со коешто постапување нанеле штета на правни и физички лица, како и на буџетот на Република Македонија.

Во поглед на целите и резултатите коишто се постигнати со воспоставувањето на нотаријатот, со сигурност може да се констатира дека се повеќе од позитивни. Унапредено е целокупното функционирање на правниот систем во државата, значително е олеснет правниот промет, има полесен и поекономичен пристап кон правните услуги кои претходно ги даваа судовите, како и давање нови правни услуги кои имаат влијание врз унапредувањето на превентивната правна заштита. Зголемувањето на делокругот на надлежностите на нотарите придонесе за зголемена соработка со повеќе институции во државата со кои постои одлична комуникација, а сѐ со цел придонесување за подобро функционирање на нотаријатот. Афирмацијата на важноста на нотарската служба во правниот промет и живот во државата се потврдува со сѐ помасовно користење на нотарските правни услуги и помош на граѓаните и другите правни субјекти, со што се докажува и довербата во работата на нотарите. Нотаријатот како дел од правосудниот систем во нашта држава има амбиции да продолжи успешно да ги остварува своите должности притоа да биде отворен за соработка и со други правни субјекти и заеднички да дејствува во оваа насока со нив, секогаш водејќи сметка да се зачуваат основните принципи на нотарскиот нотаријат.

15. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Закон за вршење на нотарски работи, бр. 08-3570/1, 16.10.1996;
2. Нотариус, Нотарска комора на Република Македонија, број 27, април 2015 година;
3. Закон за нотаријатот, („Службен весник на РМ“, бр. 72/16 и 172/16“), Одлука на Уставен суд У.бр. 129/16 од 24.01.2018 година („Службен весник на РМ“, бр. 25/18);
4. Кодекс на професионална етика на нотарите, Нотарска комора на Република Северна Македонија, бр. 0247914 од 16.04.2022 година, Скопје;
5. Закон за Нотаријат („Службен весник на РМ“, бр. 25/18), пречистен текст;
6. Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, (Сл. весник на РМ, бр. 120 од 29.06.2018 година) бр. 08-4006/1, 26.06.2018 година Скопје;
7. Закон за облигациони односи;
8. Нотариус, нотарска комора на Република Македонија, издание 37/21;
9. Кривичен законик;
10. Казнено право – посебен дел, проф. д.р Владо Камбовски, четврто дополнително издание, Скопје, 2003 година;
11. Кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување, д-р Тодор Витларов, 1.03 Кратка научна статија, УДК 341.231.14.340.13 (4:497.7);
12. Некои дилеми во врска со кривичното дело „Злоупотреба на службена положба и овластување и одговорноста на нотарите“, Правен факултет „Јустинијан први“ – Скопје – Институт за казнено право, проф. д-р. Никола Тупанчевски и м-р Драгана Кипријановска, 4. Несовесно работење во службата и одговорноста на нотарот;
13. Криминалистика, проф. д-р Васко Стамевски, авторизирани предавања;
14. Организиран криминал и корупција (скрипта), проф. д-р Олга Кошевалиска, д-р Елена Максимова;
15. Фалсификување исправи, Душко Стојановски, Скопје, јуни 2005 година, Предговор.
16. Закон за сопственост и други стварни права.

Електронска литература:

17. Nastanak I razvoj institucije notara, 17.10.2012 godine, Mr. esci. Esad Oruc, International Burch University;
18. https://www.docsity.com/sr/istoriski-razvo-na-notari-atot/630878/;
19. http://nkrm.org.mk/index.php/notarijat-vo-mk;
20. https://eprints.ugd.edu.mk/7577/1/praktikum%20KZ%20%D1%81.pdf;
21. https://www.akademik.mk/wp-content/uploads/2016/01/Ekonomski-Kriminalitet.pdf;
22. https://www.pravdiko.mk/nesovesnoto-vrshene-na-sluzhbata-kako-krivichno-delo/;
23. http://ustavensud.mk/?p=9493;
24. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2015/12/notari-1.pdf;
25. https://www.pravdiko.mk/posleditsi-od-davane-i-primane-potkup/;
26. Кривични дела сторени од нотари, Анализа на судската и обвинителска пракса, 20.02.2015 година, https://akademik.mk/krivichni-dela-storeni-od-notari-analiza-na-sudskata-i-obvinitelskata-praksa/;
27. https://eprints.ugd.edu.mk/20958/1/Organiziran%20kriminal%20i%20korupcija%20%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BF%D1%82%D0%B0%20%D0%BB%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B0.pdf;
28. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2018/12/KRIVICHNOTO-DELO-DANOCHNO-ZATAJUVANE.pdf;
29. https://www.pravdiko.mk/koi-se-najchestite-danochni-izmami/;
30. https://www.nkrm.org.mk/dokumenti/notarius/42_135538531.pdf;
31. https://eprints.ugd.edu.mk/7574/1/%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BF%D;1%82%D0%B0%20%D0%9A%D0%97%20%D1%81.pdf;
32. http://nkrm.org.mk/dokumenti/notarius/40_377808665.pdf.